Црвен крст на Република Македонија
Kryqi i kuq i Republikës së Maqedonisë

ЦКА-ПХВ
KKA-PVH

# ЦКА-ПХВ
# 2015

СКОПЈЕ
КИСЕЛА ВОДА
ГЕВГЕЛИЈА
ЦЕНТАР
КРУШЕВО
СТРУМИЦА
ДЕБАР
БЕРОВО
СТРУГА
БИТОЛА
НЕГОТИНО
ВИНИЦА
ШТИП
ДЕМИР ХИСАР
ОХРИД
КАВАДАРЦИ
СВЕТИ НИКОЛЕ
ПРИЛЕП
КАРПОШ
ВЕЛЕС
ЧАИР
ПРОБИШТИП

Го прославуваме успехот на секоја нова генерација. За наша среќа, Вие сте уште една генерација која дејствува. Вашите 192 мали проекти раскажани во оваа брошура се вистинити приказни на луѓе кои навистина постојат, луѓе кои се од нашата земја, со улица и број. Нивните приказни денес се поинакви заради вас, заради вашата акција. Драги читатели, читатеј полека и внимателно, почитувајте го времето, трудот, почувствувајте ја тимската работа, почувствувајте ги стравовите на целните групи-дали овие млади луѓе ќе успеат и допрете ги резултатите кои ги постигна ПХВ ГЕНЕРАЦИЈАТА 2015. Со среќа генерацијо, покажи му на светот што се знаеш и што се можеш.

Алекс и ПХВ тим

## ООЦК Берово

### Само со добри дела ќе изградиш иднина, за себе и за тие по тебе

Целта на овој проект беше помош на едно повеќечлено социјално ранливо семејство. За да им помогнат, младинците побарале донации од фирми и поединци во нивниот град, во форма на парични средства или материјални добра, храна, хигиенски производи, облека или покуќнина. На овој начин тие обезбедиле: 500 ќерамиди, покривни греди, 100 м тенки даски за ќерамидите, 2 кревета, маса, 5 килими, аголен дел од мебел, фрижидер, маса за телевизор, како и голем број на прехранбени производи, средства за хигиена и облека за семејството. Исто така тие обезбедиле и вар за избелување на домот, и обезбедиле и фирма која ги поставила керамидите на кровот.

Изработиле: *Кејти Ковачовска, Марија Потрганска, Јована Кафтанска, Верица Чепленска*
Дисеминатор: *Танкица Бекирова*

## ООЦК Берово

### Зрак црвен крст во семејството

Целта на овој проект беше помош на едно деветчлено семејство кое се наоѓа во тешка финансиска состојба. За да ја остварат оваа своја цел младинците организирале собирни акции во својот град на принципот од врата до врата, а исто така ги посетиле и локалните маркети од кои побарале донации во храна и хигиенски производи. Собраните средства потоа ги донирале на семејството.

Изработиле: *Флорија Бекировска, Мишел Демировски, Марија Тренчовска, Викторија Јангеловска Лозенка Никовска, Марија Паловска*
Дисеминатор: *Танкица Бекирова*

## ООЦК Битола

### Со насмевка за подобро утре

Целта на овој проект е обезбедување средства за помош на децата кои боледуваат од цистична фиброза. Волонтерите ја реализираа својата цел преку хуманитарна претстава преку која се собрани 14.000 денари со што е обезбеден дел од средствата потребни за набавка на апарат за цистична фиброза.

Изработиле: *Кристијан Танчевски, Давор Пејиќ, Јетон Селмановиќ, Емилија Коњановска.*
Дисеминатор: *Ангела Србиноска*

## ООЦК Битола

### Книга по книга до реформирана библиотека

Целта на проектот е реформирање на библиотека во едно основното училиште чија библиотека е уништена за време на големите поплави кои го зафатија Пелагонискиот регион. Како резултат на собирна акција на книги од граѓаните на општина Битола, волонтерите, членовите на ИО и Собранието на ЦК и други невладини организации донирани се 503 книги и поставени се нови рафтови за книгите. Волонтерите книгите ги организираа по азбучен ред и направија целосно реформирање на библиотеката.

Изработиле: *Николче Ристевски, Абдула Мемедовски, Симона Бего, Димитар Кендров.*
Дисеминатор: *Ангела Србиноска*

## ООЦК Битола

### Без предрасуди до подобро општество

Целта на овој проект е поттикнување на малите деца од градинките да не прават предрасуди кон ромските деца и помош во изградба на Центар за лица со аутизам. Младите волонтери ја постигнаа својата цел преку организирање на едукативна куклена претстава за децата од градинките преку која собраа 5000 денари со кои набавија ламинат, донираа кревет и на тој начин го помогнаа Центарот за лица со аутизам.

Изработиле: Ана Гунзовска, Ѓорги Трајковски, Дона Петрова, Дамјан Бајовски.
Дисеминатор: Ангела Србиноска

## ООЦК Битола

### Душата на мајката нахранета од пружената помош

Целта на проектот е помош на самохрана мајка од Битола со набавка на вештачко млеко за исхрана на едномесечно бебе. За да биде реализирана оваа цел, волонтерите земаа учество со штанд на

Пазарот на можности во ОУ Климент Охридски од каде собраа 3000 денари за набавка на вештачко млеко за бебето. Покрај млекото волонтери донираа храна, облека и лекови за еден од членовите на истото семејство кој е болен и опериран и дадоа поддршка во чистење на куќата. Волонтерите се уште тековно го посетуваат семејството.

Изработиле: Симона Бего, Томислав Бакрачевски, Владимир Гулевски, Емилија Марковачева.
Дисеминатор: Ангела Србиноска

# ООЦК Битола

## Со заеднички тон за остварување нечиј сон

Целта на овој проект е собирање на средства за помош на лицето Зоран од Вевчани на кој му е потребна итна трансплантација на срце во странство. За таа цел, волонтерите организираа Хуманитарен концерт и од продажбата на карти за истиот собраа 25.000 денари кои се донираа на жиро сметката на Зоран.

Изработиле: Ива Николова, Елена Мицевска, Марија Михајловска, Ана Данчевска.
Дисеминатор: Ангела Србиноска

# ООЦК Битола

## Ако спортот е важен за здравјето, тогаш зошто да не помогнам и јас?

Целта на овој проект беше помош на Никола ученик кој има проблем со градниот кош и на кого му е потребна одредена сума на пари за успешна операција. За реализирација се организираше фудбалски турнир и се собрани 15.000 денари кои се наменија за лекувањето на Никола.

Изработиле: Филип Стефановски, Виктор Николовски, Ратко Илиевски, Славјанка Василенко.
Дисеминатор: Ангела Србиноска

# ООЦК МАКЕДОНСКИ БРОД

## Подари рака спаси живот

Целта на овој проект е да му се помогне на Томче на кој му беа потребни финансиски средства за лекување во странство. Томче боледува од Душенова мускулна атрофија и потребно е да се оперира

во Кина. Преку собирни акции кои се спроведуваат во основното и средното училиште во градот, од куќа до куќа и хуманитарна забава во локално кафуле, младинците собраа вкупно 19 440 денари кои се уплатија на сметката на Томче.

Изработиле: Гордана Вељаноска, Марија Маркоска, Ленора Натали Костадиноска, Соња Јованоска, Клементина Костадиноска, Стефан Настески, Тамара Јованоска, Никола Андрески , Михаела Смилеска и Мери Ристеска
Дисеминатор: Валерија Маркоска

## ООЦК Валандово

### Заедно кон меѓуетнички соживот и почиста средина

Целта на овој проект беше да се подобрат односите меѓу различните етнички групи во основните локални училишта. Младинците од различните училишта на поинаков начин решиле да се ослободат од предрасудите кон различните етнички групи, преку акција и активен пристав и заедничко дружење. Тие заедно организирале акција за собирање отпад во градот и имале креативни работилници за рачни изработки.

Изработиле: Костадин Гетов Елена Кечева Викторија Пенова Ѓоре Раимовиќ Елена Делева, Кристијан Милевски
Дисеминатор: Милица Димова

## ООЦК Валандово

### Помош за опжарената куќа на Марџиеви

Целта на овој проект беше да се подобрат условите за живот на седумчленото семејство Марџеиви од Валандово, на кои куќата им беше опожарена. Младинците се организирале заеднички да помогнат, направиле хуманитарна забава во кафетеријата „Next" во Пирава. Со собраните 4 570 денари младите на опожареното семејство му обезбедило потребни електрични апарати, поточно, фен,тостер и пегла за алишта.

Изработиле: Анета Тодоровска, Васко Павлов, Горан Тасевски, Јован Гетов, Анѓел Чилевски, Ѓорѓи Собралиев, Благој Џајковски.
Дисеминатор: Милица Димова

## ООЦК Валандово

### Куќа од срце

Целта на овој проект беше да се подобрат условите за живот на семејство Ковачи од Дедели, така што младите сакаа да изградат две соби за социјално загрозеното семејство. Младинците направиле работилница за изработка на честитки по повод Осми март, хуманитарна модна ревија и хуманитарна акција за собирање облека. Младите учествувајќи во акциите собрале доволно средства за набавување и дистрибуирање на градежните материјали за семесјтвото.

Изработиле: Антонија Илиева, Анета Каракамчева, Лилјана Анастасова, Софија Белчевска, Даниела Монева, Атена Танчева.
Дисеминатор: Милица Димова

## ООЦК Валандово

### Од срце за фамилија Марџиеви

Целта на овој проект беше да се соберат што повеќе средства за да се помогне на петочленото семејството Марџиеви, чија куќа била изгорена до темел. Младинците успеале преку повеќе хуманитарни собирни акции да соберат 32400 денари, кои ги уплатиле на жиро сметката на семејството. Воедно, преку собирните акции успеале да обезбедат и покуќнина, хигиенски материјали, бела техника,предмети за домаќинство, кревети и на тој начин ја докажале нивната хуманост и волонтеризам.
Изработиле: Елица Чочкова, Стефанија Дончева, Душанка Ризова, Ивана Дончевска, Рената Чочкова.
Дисеминатор: Милица Димова

## ООЦК ВЕЛЕС

### Тројна среќа

Целта на овој проект е собирање на хигиенски и прехранбени средства за помош на социјално загрозено семејството Кирови. Првата актвиност на овие младинци беше поставување штанд за собирање донации. Потоа организираат хуманитарен турнир во одбојка и собираат средства од продадените карти. Следна активност е обид за вработување на таткото во локалниот маркет. Успеваат да договорат донација во време траење од една година – два леба дневно за семејството.

Од вкупно собрани 3521 ден. младинците подмируваат долг на семејството Кирови во локалната продавница и набавиле пелени и хигиенски производи.

Изработиле: Лили Стојанова, Магдалена Атанасова, Ангела Михова, Македонка Кулева и Ана Трајковска
Дисеминатор: Ирина Стојковска

# ООЦК ВЕЛЕС

## Малите нешта го прават светот поубав

Целта на овој проект е да се помогне на семејството Бошкови кое во огнена стихија го изгуби својот дом и еден член од семејството. Младинците од Велес спроведуваат неколку собирни акции и тоа една пред локалниот маркет и две во училиштата и собираат 4000 денари. Потоа организираат продажба на стари предмети во употреба и собираат дополнителни 829денари. Од вкупната сума обезбедуваат 4 кутии прехранбени и 4 кутии хигиенски продукти како и 120л вода за пиење. Исто така преку општинската организација на Црвен крст во Велес обезбедуваат 8 душеци и 8 ќебиња за семејството Бошкови.

Изработиле: Мартин Милошевиќ, Катерина Давева, Тина Божинова, Надица Камчева и Симеон Јованов
Дисеминатор: Ирина Стојковска

# ООЦК Велес

## Нашиот број е 9

Целта на овој проект е да се помогне да единасетчлено семејство со прехрамбени и хигиенски производи. Младинците од Велес ја започнуваат нивната акција со продажба на креативно украсени велигденски јајца кои сами ги изработуваат, потоа со касички се упатуваат и обиколуваат неколку згради и вкупно собраните средства изнесуваат 1277ден. Обезбедуваат прехранбени и хигиенски продукти, но исто така почнуваат да работат со неколку од децата на нивно описменување. Младинците работат со децата три пати неделно и успеваат делумно да ги научат да читаат, пишуваат и бројат.

Изработиле: Ѓурѓица Трајковска, Лили Мечкарова, Лина Ковачева, Фросина Миланова и Бојана Караколева
Дисеминатор: Ирина Стојковска

# ООЦК ВЕЛЕС

## Помогни некому, биди хуман и ти

Целта на овој проект е да се укине долгот кон МРТВ и обезбедување на хигиенски и прехрамбени продукти како и облека и дрва за огрев на браќата Николовски од Велес. Младинците од Велес започнуваат со собирни акции низ градот и локалното училиште, потоа решаваат да направат хуманитарен концерт за кој ќе продаваат карти по симболична цена. Собираат 6100 денари но дознаваат дека браќата Николовски имаат долг кон МРТВ и затоа не се во можност да примат социјална помош. Се упатуваат кон центарот за социјална помош и ја започнуваат процедурата за ослободување од долгот која набрзо ќе резултира позитивно и по еден месец браќата ја добиваат паричната помош од центарот. Со собраните средства набавени се казанче за во тоалет, перници, прехранбени и хигиенски продукти.

Изработиле: Ивана Минова, Марија Апостолова, Мартина Манчева и Теодора Јованова
Дисеминатор: Ирина Стојкова

# ООЦК Виница

## Насмевката е бесплатна за сите

Целта на овој проект била да се подготви за живеење куќата на едно семејство која претходно била опожарена. За таа цел, младите преку организирање на повеќе активности – ракометен натпревар, подготовка и продажба на рачни изработки и театарска претстава, обезбедиле средства и го молерисале и изолирале објектот, а од донации обезбедиле маса, телевизор и компјутер. Донирани се и хигиенски пакети и пакети со храна.

Изработиле: Маријана Николова, Анѓел Ѓоргиев, Борче Михаилов, Дијана Јовановска, Христина Евтимова, Сашка Димитрова, Филип Лазаров.
Дисеминатор: Даниел Ефремов

# ООЦК Виница

## Многу труд-многу насмевки

Целта на овој проект била да се опреми со фрижидер кујната на едно семејство, која не е во функција откако во неа избил пожар. За исполнување на својата цел, младите организирале повеќе актив-

ности – хуманитарен турнир во кошарка и фудбал, проекција на цртани филмови во детски градинки и театарска претстава. Од собраните средства, младите успеале да купат фрижидер, прибор за јадење како и други основни елементи во домаќинството.

Изработиле: Бојана Васевска, Софија Иванова, Џеват Џеладинов, Стефанија Темелкова.
Дисеминатор: Даниел Ефремов

## ООЦК Виница

### Заедно да го жртвуваме нашето денес, за децата да имаат подобро утре!

Целта на овој проект е дружење со штитениците на еден центар за лица со посебни потреби, и негово доопремување. Со цел да се обезбедат средства за доопремувањето, младите организирале повеќе активности – куклена претстава за ученици од 1-4 одделение, за која младите самите го напишале сценариото, две хуманитарни забави, и собирни акции. Успеале да обезбедат 2 компјутери, 2 шкафчиња, 1 полица, плазма телевизор, сушара, топки и хигиенси средства и училишен прибор.

Изработиле: Деспина Атанасова, Софија Глигорова, Настасија Јанкулова, Ангела Цикарска, Бојана Стојанова, Озлем Сејфулова
Дисеминатор: Даниел Ефремов

## ООЦК Виница

### Капка што живот значи

Целта на овој проект била да се помогне со храна и хигиенски пакети едно социјално загрозено семејство. За таа цел, младите одржале спортски натпревар и повеќе собирни акции. Од своите активности собрале 7.800 денари, од кои се купени детергенти, садови за домаќинство, храна, трпезариска маса и еден шкаф.

Изработиле: Василка Алексова, Сара Андонова, Ивана Ангелова, Филип Маринов, Јован Манчевски.
Дисеминатор: Даниел Ефремов

## ООЦК Гевгелија

### Помош за бегалците од Сирија

Целта на овој проект е помош на бегалците од Сирија преку делење на флаери со соодветни информации. Со собрани средства од фирми, младинците испечатиле флаери кои ги поделиле по продавниците, залепиле 30 знаци за предупредување, и информирале 60 бегалци за опасностите. Имале средби со нив, разговарале и им ги делеле флаерите.

Изработиле: Маринела Мурџева, Ана Брзанова, Менче Стојкова, Даниела Илиевска, Виолета Делкова
Дисеминатор: Марија Танева

## ООЦК Гевгелија

### Од срце за срце

Целта на овој проект е санирање и поправка на руиниран дом на социјално загрозена самохрана мајка со деца од општина Гевгелија. Младинците организирале хуманитарен концерт ОД СРЦЕ ЗА СРЦЕ од кој собрале 17 000 ден. кои биле искористени за поправка на паднатите ѕидови на куќата и доградување на бања. Со тоа младинците ја исполниле својата цел.

Изработиле: Душица Проданова, Сребра Цундрч, Кристијан Атанасовски, Тоше Митров, Македонка Бикова
Дисеминатор: Марија Танева

## ООЦК Гевгелија

### Насмевки на децата со посебни потреби

Целта на овој проект е дружење на младинците со децата со посебни потреби. Младинците преку собирање на добротворни прилози на улиците на Гевгелија овозможиле купување на играчки во износ од 2900 ден., донирање на истите во центар за деца со посебни потреби и организирање на неколку креативни работилници и дружење со нив децата.

Изработиле: Лора Петкова, Елена Попова, Ивана Колчева, Борис Џотов, Мими Јанчева
Дисеминатор: Марија Танева

# ООЦК Гевгелија

## Младите да ги спознаат убавините на планината

Целта на овој проект е организирање на планинарски марш на планината Кожуф за младите да ја сменат својата дневна рутина, да се движаат и да бидат здрави. Младинците организирале придружување на планинарски марш со планинарското друштво Кожуф на 20 младинци со што се надеваат дека рутината на тие младинци е сменета и дека придобивките се големи.

Изработиле: Слободанка Велкова, Зорица Боболкова, Ели Сулева, Виолета Куцирова, Марија Чакалова
Дисеминатор: Марија Танева

# ООЦК Гостивар

## Бидете Хумани-Покажете срце

Целта на овој проект е подобрување на условите за живот на семејството Неделкоски, снабдување со сите потребни продукти и бела техника (машина за перење) што им е потребна и купување лекови за еден член на семејството кој боледува од церебрална парализа. Реализирани се неколку активности, хуманитарна забава и собирни акции од кои се собрани околу 13.000 денари ки се потрошени за реализирање на поставената цел.

Изработиле: Ана Ѓорѓиеска, Марта Пандилоска, Викторија Тодороска, Симона Милошеска, Елена Алексоска, Невенка Алексоска, Моника Рајчевиќ, Лиле Трпеска
Дисеминатор : Гордана Михајлоска

# ООЦК Гостивар

## Биди хуман,помогни и радувај некого

Целта на овој проект е да се помогне на едно социјално загрозено семејство во Гостивар така што ќе се реновира тоалетот, како и обезбедување на прехранбени продукти за подолго време. Целта е постигата преку собрирна акција, волонтерите обезбедиле помош од поголеми фирми и маркети во градот и го реновирале тоалетот за семејството.

Изработиле: Вјоса Селими, Албулена Акиу, Флорентина Синани, Амра Демири, Јусра Сејдини,

Енсар Караметии, Диар Беќири, Енис Емини
Дисеминатор : Самије Ибиши

## ООЦК Гостивар

### Подари добрина за да бидеш среќен

ЦКА-ПХВ волонтерите организирале собирна акција, собрале 10706 денари кои ги нумениле за семејството Шабани. Младите биле на процена кај ова семејство кое имаше потреба од основни апарати за домаќинство како би можеле нормално да функционират. Младинците со собраните средства купиле електричен шпорет, пакетчиња храна и хигиенски продукти.

Изработиле: Андриана Ахмети, Агнеса Алији, Албана Салиу, Петрит Адеми, Донјет Селими, Башким Османи
Дисеминатор : Самије Ибиши

## ООЦК Гостивар

### Со нашата помош, даруваме насмевки

Организирана е собирна акција од страна на учесниците во програмата, собрани се околу 13.000 ден со кои се помогнати три семејства, на две од нив им е обезбедно храна за 1 месец, додека на третото семејство помогнато е така што на девојчето Афродита и е овозможено да оди на екскурзија со нејзини другари од класот.

Изработиле: Фиона Касами, Флорент Асани, Берат Сејфули, Адмир Мифтари
Дисеминатор : Самије Ибиши

## ООЦК Гостивар

### Нашето малку, за некого многу

Целта на овој проект е социјализација со децата од дневниот центар во Гостивар, разубавување на еден нивен ден и донирање средства за нивниот дом. Младинците организирале хуманитарна забава, собрани се 6.500 денари од кои се купени: тепих и завеси за потребите на децата и сликовници за забава и уживање.

Изработиле: Љупче Нанков, Моника Трпкеска, Симона Петровиќ, Милица Цветаноска, Петар Николоски, Симона Петреска, Јована Граматикова, Кристијан Наумчески
Дисеминатор: Гордана Михајлоска

## ООЦК Демир Хисар

### Кино- проекција

Целта на овој проект беше младите да обезбедат средства со кои ќе помогнат во лекување – хемотерапија на едно болно лице. За остварување на својата цел, младите организираа кино проекција во Домот на културата. Од продажба на билети се собрани 3.200 денари, кои се предадени на корисникот на проектот како помош во лекувањето.

Изработиле: Мартина Ѓоревска, Ирена Јовановска, Ана Колевска, Анастасија Поповска, Софија Видановска
Дисеминатор: Маја Лозановска

## ООЦК Демир Хисар

### Пружи простор за насмевка

Целта на овој проект е да се обезбеди мебел и опрема за дневен центар за лица со пречки во развојот, каде што овие лица ќе можат да се собираат, меѓусебно да се дружат, да се социјализираат и да си помагаат, како и да комуницираат и да примаат посети од други луѓе. За реализација на својата активност, учесниците организирале хуманитарен спортски натпревар во своето училиште, а добиените средства соодветно ги донирале во Дневниот центар.

Изработиле: Христина Наумовска Ана Анѓелевска Габриела Ѓоргиовска Александра Најдовска
Дисеминатор: Маја Лозановска

## ООЦК Демир Хисар

### Со игра до подобар живот

Целта на оваа група на учесници била да се обезбедат парични средства за да можаат да му помогнат на едно лице да добие уверение за државјанство. Учесниците во овој проект организирале тур-

нир во шах и табла во едно од локалните кафулиња во Демир Хисар, но поради незаинтересираност за турнирот, за жал целта не е исполнета.

Изработиле: Никола Лозановски, Петар Трајковски, Михаил Котевски, Дамјан Ендековски, Бојан Ѓоргиовски
Дисеминатор: Маја Лозановска

## ООЦК Дебар

### Да имаш големо срце и топли раце

Организирана е хуманитарна претстава од страна младинците. Истата е промовирана по медиумите, млади а со собраните средства се купени прехранбени производи и облека за две семејства од Дебар.
Изработиле: Фатиме Оломани, Адиса Фетаи, Фатјона Качалнику, Шеќерие Кодра, Мазе Табаку, Ерблина Реџепи
Дисеминатор: Мирон Муладаути

## ООЦК Дебар

### Јакните на среќата

Волонтерте на ЦКА-ПХВ организирале доделување на 100 јакни на ученици од загрозени семејства од прво до осмо оделение. Јакните се обезбедни од фирми кои фалиментирале и се доделени на деца од основни училишта од Дебар и околината Косовраст, Жупа и Могорце.

Изработиле: Арба Батку, Бјондина Колари, Албин Бафтјари, Мирвет Села
Дисеминатор: Мирон Муладаути

## ООЦК Дебар

### Хуманитарна Акција “Децата помагаат“

Целта на проектот е организирање на собирна акција, а со средствата кои се добиени (околу 24 000 ден.) помогнати се шест семејства со прехранбени продукти, облека и трошоци за училишен транспорт транспорт.

Изработиле: Исамудин Османлиу, Атиџа Дестаноска, Ханис Муслиоски
Дисеминатор: Фадрија Мустафосла

## ООЦК Дебар

### Кажи да на животот, кажи не на дрогата

Целта на овој проект е организирање на предавање против зависности. Направено е истражување и младите самите се изјасниле дека им е потребно предавање на оваа тема. Предавање кое е одржано на околу шесестина ученици средношколци од Дебар од втора и трета година.

Изработиле: Бена Крлуку, Таулант Газе
Дисеминатор: Мирон Муладаути

## ООЦК ДЕЛЧЕВО

### Разигран хуманитарен викенд

Целта на овој проект е да се помогне четиричлено социјално загрозено семејство од с. Вирче. Младинците од Делчево, организираат хуманитарен концерт на кој учество земаат две културно уметнички друштва од Делчево. На концертот е изведена и рецитаторската драма Жеравите од Сасаки, а посетителите имаа можност да донираат облека и обувки. Од продадените карти, собрани се 3600 денари со кои се набавени основни прехрамбени продукти како и хигиенски средства. Исто така преку спонзорстава, на фамилијата и се донирани производи за домаќинството, средства за лична хигиена и облека од локалните бутици.

Изработиле: Јована Анакиевска, Сара Анакиева, Кети Ангеловска, Моника Сумрачка и Сара Горѓиевска
Дисеминатор: Ивана Димитровска

## ООЦК ДЕЛЧЕВО

### Да и помогнеме на малата Софија

Целта на овој проект е да се обезбедат бебешка храна и облека како и помош во прехранбени продукти за еден млад брачен пар од Делчево кој очекува бебе. Преку собирни акции кои 5 саботи по

ред се спроведуваат во градот и преку мал музички концерт, младинците успеваат да соберат 3600 денари со кои се обезбедени тепих, блендер, пластични садови, бебешка храна, средства за хигиена, памперс и бебешко комплетче за крштевката на Софија. Исто така младинците го посетуваат брачниот пар пет саботи по ред и им носат овошје и зеленчу,к а воедно една сабота пред Велигден прават украси и истите ги продаваат.

Изработиле: Бојана Симовска, Тамара Тричковска, Габриела Христовска, Ана Марија Симонова и Михаела Маневска
Дисеминатор: Ивана Димитровска

## ООЦК ДЕЛЧЕВО

### Заедно до поубав дом

Целта на овој проект е помош на едно четиричлено социјално загрозено семејство од село Стамер. Младинците организираат хуманитарна целодневна забава во едно од локалните кафулиња на која собираат 3640 денари како и десетина ќеси со облека. Со собраните средства набавени се брашно, зејтин, сол, млеко, шеќер, тава, чинии, леген и други продукти потребни за домаќинството како и обувки, играчки и по неколку боенки за децата од семејството.

Изработиле: Стефанија Гоцевска, Маја Велевска, Александра Здравковска, Бојана Јанкуловска и Антонио Пановски
Дисеминатор: Ивана Димитровска

## ООЦК ДЕЛЧЕВО

### Спој на хуманост и забава

Овој проект има за цел да ја доуреди зградата на Црвен крст Делчево, а со тоа и да ги привлече волонтерите да бидат дел од оваа организација. Младинците дознаваат дека за да се обои зградата ќе им бидат потребни 5000 денари. Се договараат со директорот на локалниот клуб да организираат забава и да добијат половина од продадените карти. Средствата се собрани и зградата е обновена со нова боја. Освен тоа младинците сами ги фарбаат вратите и прозорците, а воедно успеваат да се договорат со секретарот да бидат обезбедени нови ролетни за сите прозорци од просториите на Црвен крст.

Изработиле: Љупчо Манчевски, Дијана Антовска, Мартина Димитровска, Михаела Симоновска,

Марина Димитровска и Елена Марковска
Дисеминатор: Ивана Димитровска

## ООЦК Кавадарци

### Ромите различни и еднакви

Целта на овој проект е помош и инклузија на 4 деца од ромско семејство од Ваташа (приградска населба во Кавадарци) кои живеат со татко, поддршка преку обезбедување донации и психо-социјална поддршка од институциите одговорни за нив. Младите реализирале собирни акции за парични средства и облека во неколку средни и основни училишта. Обезбеден е школски прибор за секое дете, средства за хигиена, храна за подолг временски период, како и облека. Благодарение на младинците остварени се домашни посети и советувања на децата и родителот од страна на стручната служба на нивното училиште.

Изработиле: Трајче Најдовски – лидер, Марија Глигорова, Кристина Сакалиева, Душица Бошева, Дајана Димова, Стефанија Тодорова
Дисеминатор: Љубица Кочова

## ООЦК Кавадарци

### Од мала помош до неизмерна радост

Целта на овој проект беше подобрување на условите за живот на четиричлено семејство со 2 малолетни деца од рурална средина во голем социо-економски ризик. Мадинците оствариле донација кон семејството преку реализирање на хумантарни акции, со кои собрале храна, облека и парични средства, како и обезбедиле донации од поединечни фирми и институции во градот. Од собраните парични средства купена е храна и потребни хигиенски продукти за семејстово.

Изработиле: Ана Пешиќ, Елена Талева, Марија Алексова, Оливера Панова, Марија Стојанова
Дисеминатор: Љубица Кочова

## ООЦК Кавадарци

### Со малку труд до голема среќа

Цел на проектот е да се овозожи бесплатно летување во одмаралиште на деца со посебни потреби и овозможување на нивно дружење со врсниците од другите редовни училишта. Целта е реализи-

рана преку обезбедување на директни донации од неколку фирми од градот со директни побарувања од страна на младинците. Вкупната сума на собрани донации изнесува 35 870 денари. Со проектот исто така беа обезбедени играчки и друг креативен материјал наменети за збогатување на секојдневието на децата од посебните паралелки. Целта е реализирана, а децата воедно поминаа незаборавно искуство на својот годишен одмор.

Изработиле: Фросина Димкова , Славица Бошева, Весна Темкова, Илија Јованов
Дисеминатор: Љубица Кочова

# ООЦК Кавадарци

## Со голем проект и труд, до уште поголем успех

Целта на младите во овој проект е да се обезбедат финансии за климатизирање на просториите во дом за деца без родителска грижа. Па така, преку хуманитарно шоу организирно од страна на младинците, составено од концерт и драмска претстава кои сами ја напишале сценариски со име "Роме и Јуле", успеале да обезбедат продажба на 350 карти. Од собраните средства во висина од 14 000 денари со помош на Хуманитарното шоу купен е и дониран клима уред.

Изработиле: Марија Костова, Ристе Бошев, Дарко Милошев
Дисеминатор: Љубица Кочова

# ООЦК Кавадарци

## Помош за болна и изнемоштена сограѓанка

Целта на проектот е обезбедување на соодветна лекарска помош на самохран социјално загрозен родител, која од несреќен случај се стекнува со повреда, и заради ненавремно лекување и неправилен третман, проблемот продолжува да постои и да ја измачува. Поради неможност за лекарски третман шансите се големи да се здобие со трајно слепило, целосно да го изгуби видот, а со тоа да биде инвалид до крај на животот. Со помош на младите главниот корисник на овој проект доби соодветна лекарска помош и дијагноза, како и насоки за понатамошно лекување. Самохраната мајка на која младинците и помогнаа беше задоволна од соодветната лекарска грижа и помош, со што доби соодветни насоки за третман.

Изработиле: Бранислав Миленков, Анкица Ристова, Душко Илиев, Марија Аврамова, Јован Аврамов
Дисеминатор: Љубица Кочова

# ООЦК Кичево

## СРЕЌА Е...ДА СИ ХУМАН!

Целта на проектот е промоција на првиот Ромски младински центар кој нуди бесплатна дополнителна настава по предметите: математика, македонски јазик, англиски јазик, физика и хемија за деца роми од I до IX одделение и обезбедување на доволен број на волонтери за работа со нив. За таа цел беа прикажени двеа анимирани филмови во ОУ „Санде Штерјоски“ и ОУ „Владимир Полежиноски - Бато“ од кои се собраа 11880 денари. Со средствата се обезбедија 2 бели магнетни табли, маркери, бришачи, боички, хартија, тетратки, атлас, карта на Р.Македонија, прибор за геометрија: линијари, шестари , полици за документи и т.н. Најдена е просторија и опремена со столици и маси. Направен е распоред за работа и меѓу другото секој месец, во центарот има по една работилница-дисеминација за ЦК. Ромскиот младински центар сега брои 11 волонтери и 108 деца корисници.

Изработиле: Ангела Вељаноска, Благица Дамевска, Ајхан Мифтароски, Мила Брсјак, Ален Куртеши
Дисеминатор: Ана Дујковиќ

# ООЦК Кичево

## Расони се со ПХВ

За да се набават очилата на 12 годишното девојче и да може да оди на училишт,е беа потребни 6000 денари. Дел од потребните средства младинците ги собраа преку собирна акција, а другиот дел преку организирање на „Расони се со ПХВ“-Хуман кафемат, односно преку делење на кафе на сите кои донираа во повеќе локации низ градот. Благодарение на „Расони се со ПХВ“ сега девојчето носи очила и може да чита од табла.

Изработиле: Ангела Вељаноска, Благица Дамевска, Ајхан Мифтароски, Мила Брсјак, Ален Куртеши
Дисеминатор: Ана Дујковиќ

# ООЦК Кичево

## Црвен крст

Девојките од Кичево го искористија сопствениот талент за цртање за да помогнат на петчленото семејството од село Калеше. Преку продавање на цртежите кои ги цртаа тие собраа доволно средства за на семејството да им обезбедат печка на дрва, која ќе им служи кога ќе биде студено.

Изработиле: Леонора Алиу, Гентиана Зенели
Дисеминатор: Мухаммед Вели

## ООЦК Кичево

### Да помогнеме на едно семејство

За да се помогне на едно социјално загрозено семејство во Кичево се организираше хуманитарен кошаркарски натпревар на кој учествуваа околу 100 ученици од различни националности. Дополнително преку барање на донатори се обезбедија вкупните потребни средства за купување на печка на дрва за семејството.

Изработиле: Илир Салиу, Харбин Ахмеди, Албиона Имери, Арианит Абиби, Маргаритаре Балажи
Дисеминатор: Мухаммед Вели

## ООЦК Кичево

### Кичево за Михаил

Михаил е тригодишно дете кое има проблем со бубрезите. Потребни беа 15.000 денари за неговиот медицински преглед, но неговата самохрана мајка не е во можност да ги покрие овие трошоци. Затоа младинците организираа проекција на филмовите „БАБА“ и „Барајќи го човекот“, во Домот на културата во Кичево и карти со цена од 50 денари. Се собраа 3180 денари кои беа далеку од потребните средства. Затоа организираа и турнир во ракомет и мал фудбал, во кој учество земаа: Р.К. Партизан, Р.К. Алушевски, Р.К. Го-го, Р.К. Партизан-Ветерани и Ф.К. Кичево. И се собраа уште 12000 денари. Дополнително фризерите од Кичево сами организираа настан, во кој тие шишаа и правеа фризури хуманитарно во холот на Домот на културата и луѓето донираа во кутиите за донации. Се собраа 15.180 денари потребни за прегледот.

Изработиле: Мартин Тренески и Филип Брсјак
Дисеминатор: Ана Дујковиќ

## ООЦК Кичево

### Хуманитарно кино

Со цел да се обезбеди бојлер за многучлено семејство од Кичево, се организираше хуманитарно

кино. Се продадоа 100 карти и се собраа 5000 денари, а другиот дел од средствата се собраа преку барање на донатори. Семејството го доби бојлерот и може сега да внимаат на хигиената на целото семејство, особено на децата.

Изработиле: Арбер Сефадини, Линдиан Селими, Берат Селими, Арбен Лимани, Флорент Бектеши, Чендрим Османи.
Дисеминатор: Мухаммед Вели

# ООЦК Кичево

## Помошта не познава јазик

Со цел подобрување на условите на децата кои се лекуваат во болница, младинците организираа хуманитарен турнир во ракомет. Со продажба на картите во гимназијата „Дрита“ и ОУ „Санде Штерјоски“ се собраа потребните средства за купување на 6 комплети покривки и 6 перници за потребите на децата. Младинците исто така се дружеа со децата со посебни потреби во период од 2 месеци, заедно бојадисуваа јајца и изработуваа маски, додека пак останатиот дел од собраните средства беше дониран за Михаил- друга целна група на младите од Кичево.

Изработиле: Фјола Зенели, Агрон Фејза, Азизе Куртиши, Дрилона Ајрадини, Селиме Елмази, Дурата Пурелку
Дисеминатор: Мухаммед Вели

# ООЦК Кичево

## Хуманитарно поетско читање

Со цел да се помогне на едно социјално загрозено семејство, младинците од Кичево имаа една многу оригинална идеја, хуманитарна поетска вечер. Искористувајќи ги сопствените таленти за правење музика и рецитирање успеаа да организираат поетска вечер од која се собраа 3000 денари. Бидејќи овие средства не беа доволни за купување на фрижидерот за семејството, младинците бараа и донатори од кои собраа уште 3700 денари. Со целокупните средствата за семејството беше купен фрижидерот.

Изработиле: Агрон Селими и Аргетим Рамадани
Дисеминатор: Мухаммед Вели

## ООЦК Кичево

### Со срце за Стефан

Младинците ја бараа целната група преку Центарот за социјални работи во Кичево и е избран Стефан кој е останат инвалид заради пад на работно место. Не може да се движи со количката бидејќи таа е стара. Младите организираат собирни акции, собираат многу прехрамбени производи, хигиенски производи но и добиваат користена инвалидсак количка која е во многу подобра состојба од неговата. Со помош на Црвениот крст сета помош ја транспортират и му ја донираат на Стефан и неговото семејство.

Дисеминатор: Ана Дујковиќ
Изработиле: Веле Ангелески, Ана Тасеска

## ООЦК Кичево

### Сподели љубов

Целта е да се опреми просторијата за вежбање во домот за деца со посебни потреби со соодветни справи, истата да биде исчистена и функционална. Преку продажба на колачи со пораки по повод Свети Валентин и Свети Стефан, продажба на рачно изработени картички во Велигденскиот хепенинг во ОУ „Кузман Јосифоски Питу“, проектирање на два филма во Домот на културата и фудбалскиот натпревар во спортската сала „Јанчица“. Се собраа 23.420 денари со кои се купија: справа Орбитрек, нова завеса, килимчиња за вежбање и тегови, а преку донации се обезбедија хартија, пенкала, моливи, фломастери, гуми за бришење, стикери, хамери и т.н.

Изработиле: Розета Маркоска, Ана Наќеска, Анамарија Ристеска, Данило Борозан, Давид Пејоски
Дисеминатор: Ана Дујковиќ

## ООЦК Кочани

### Една соба - за некого дом

Цела на овој проект беше подобрување на условите за живот на едно шестчлено социјално ранливо семејство кое живее во една соба, на тој начин што беше поставен ламинат и беше направено белење на истата. За да ја остварат својата замислена цел младинците зеле учество со продажба на

свои креативни ракотворби и бонови на училишните велигденски базари кои биле организирани во училиштата во нивниот град. Со собраните средства од реализираните активности тие успеале да постават порамнителен слој за ламинат, потоа ламинат, да направат белење на собата, а исто така обезбедиле и кауч и полици за домот на семејството. Покрај ова тие поставиле лим на кровот и го покриле трошокот за храна во училиштето на децата.

Изработиле: Димитар Милцов, Катерина Голчевска, Надица Пујевска, Елена Лефкова, Душко Манев, Давид Стојанов
Дисеминатор: Иле Матеничарски

## ООЦК Кочани

### Ја будиме хуманоста во себе!

Цела на овој проект беше подобрување на основните услови за живеење на едно четиричлено семејство на самохран родител, како и описменување на децата во семејството. За да ја остварат оваа своја цел, младинците најнапред организирале хуманитарен натпревар во мал фудбал. Преку оваа активност, како и преку една добиена донација од една локална фирма, тие успеале да соберат доволно средства за да обезбедат нова кујна за семејството која била изработена и монтирана од страна на еден локален мајстор. Младинците во текот на изработката на проектот исто така имале и средби со децата од семејството за помош за читање и пишување.

Изработиле: Билјана Петрова, Елена Накова, Викторија Горгиева, Марија Трендова, Егбил Саидов, Ана Ангелова
Дисеминатор: Иле Матеничарски

## ООЦК Кочани

### Биди хуман, рашири ја среќата

Цела на овој проект беше помош на едно шестчлено социјално ранливо семејство, преку реновирање на поголем дел од нивната куќа кој опфаќа 2 соби, кујна и ходник каде што ова 6 членото семејство живее. Младинците си поставиле за задача да ги избелат двете соби на семејството и во истите да постават ламинат. За да го остварат ова тие најпрво организирале хуманитарен натпревар во кошарка, а исто така побарале и донации од поголемите фирми за градежен материјал во нивниот град. Со собраните средства ги набавиле потребните материјали за работа во куќата: ламинат, песок, цемент, усјемал, поликолор и подлога. Со материјалите потоа се реновирани двете соби и ходникот, поточно

ходникот е измачкан и избелен, а во двете соби е ставен ламинат и се избелени.

Изработиле: Иван Данилов, Надица Манасиева, Сандра Ангелова, Маргарета Петрова, Андреј Стојанов, Надица Минова
Дисеминатор: Иле Матеничарски

# ООЦК Кочани

## Подобри услови за семејството

Цела на овој проект беше помош на две повеќе члени семејства од нивниот град. За да ја остварат оваа своја поставена цел, младинците организирале хуманитарна забава, а исто така побарале и донации. Од собраните средства тие набавиле пакети со храна, средства за хигиена, прибор за јадење, ќебиња, перници, пешкири и ги донирале на семејствата. Исто така тие организирале и собирна акција за облека во основните училишта "Никола Карев" и "Раде Кратовче" во нивниот град и собраните материјални добра ги донирале на семејствата.

Изработиле: Ангела Накова, Симона Ангелова, Драгана Маринковска, Ангела Блажеска, Кире Георгиев,Славица Стојанова.
Дисеминатор: Иле Матеничарски

# ООЦК Кочани

## Секој заслужува барем малку внимание

Цела на овој проект беше подобрување на основните услови за живот на едно социјално ранливо семејство, преку обезбедување на покуќнина за нормално извршување на секојдневните обврски. За да ја остварат оваа своја поставена цел, младинците организирале хуманитарен музички концерт во Мултикултурниот центар во Кочани, а исто така побарале и спонзорства до поголемите фирми во својот град. Со собраните средства тие обезбедиле: пластични фиоки, прибор за јадење, сталажа за садови, пакет од прехранбени продукти, пакет од хигиенски средства, 4 столчиња, теписон, стаза, училишен прибор за децата, 3 вреќи цемент кои ќе бидат наменети за изградба на тоалет и 8 вреќи песок за истата намена.

Изработиле: Горјан Иванов, Нина Николова, Фросина Алексова, Моника Стојанова, Ѓорче Јанакиев, Драгана Беличева
Дисеминатор: Иле Матеничарски

# ООЦК Кратово

## Среќа искажана и од најмалата брчка на бабиното лице

Целта на проектот е помош на стара и изнемоштена 76 годишна баба од село Кнежево во Кратовско преку овозможување да ги види своите внуци од Австралија кои ги нема видено 7 години и поддршка во неопходни материјални добра. Преку собирана акција, волонтерите собраа 20.700 денари со што набавија половен телефон, телевизор и прехранбени продукти за бабата. Тие исто така организираа скајп конференција и овозможија контакт на бабата со своите внуци.

Изработиле: Тамара Јаначкова, Марија Стаменковска, Никола Јовановски, Глигорије Велковски, Бојана Тимова.
Дисеминатор: Рада Зафирова

# ООЦК Кратово

## Заедничко поминато време - Заедничка радост

Целта на овој проект беше подобрување на квалитетот на животот и ресоцијализација на децата од центар за дневен престој на децата со хендикеп. Целта беше реализирана преку заедничко дружење со децата и организирање на заеднички активности. Волонтерите организираа собирна акција од каде собраа 1.600 денари од кои е купен материјал за учество на манифестацијата Велигденско јајце и за едукативно показна активност на ООЦК Кратово за Прва Помош при повреди. Волонтерите ја реализираа оваа активност 2 месеци и остварија 6 средби со децата од центарот.

Изработиле: Никола Јовановски, Емилија Пановска, Тамара Јаначковска, Никола Арсовски, Глигорије Велковски.
Дисеминатор: Рада Зафирова

# ООЦК Кратово

## Паркот Карши Бавча да блесне во полн сјај

Целта на овој проект е враќање на сјајот и духот на паркот наменет за жителите на град Кратово и туристите. Преку собирни акции и донации волонтерите собраа 1400 денари од кои се купени: боја, четки, корпи за отпадоци и таблички за натписи, а од директни донации од фирмите волонтерите обезбедија дополнителна потребна боја, даски за клупи и садници. Уредениот парк на кој поставија

и ограда, волонтерите свечено го прославија со жителите на Кратово.

Изработиле: Глигорије Велковски, Рената Тоневска, Тамара Јаначкова, Никола Јовановски.
Дисеминатор: Рада Зафирова

## ООЦК Крива Паланка

### Биди Хуман-Сподели Радост

Целта на овој проект била да се помогне на матурантите од седум социјално загрозени семејства, така што ќе се обезбеди нивната матурска прослава. Младинците направиле хуманитарна собирна акција, со која ја информирале целата заедница за нивниот ПХВ проект и собрале 7.650 денари. Од собраните средства младинците 6510 ден дале за покривање на трошоците за вечера на матурската прослава за 7 деца од III и IV година, а остатокот од овие средства и донација од 2000 ден. биле употребени за купување на облека на уште еден матурант. Волонтерите ја покажале својата континуирана акција, така што на семејството на истиот матурант дистрибуирале и пакети со облека и храна.

Изработиле: Ромео Фазлиевски, Даниел Стојчевски, Ненад Стоилковски, Сузе Стојановска, Анѓела Додевска, Дарко Ристовски, Антонио Милковски, Мартин Јовановски
Дисеминатор: Елена Јакимовска

## ООЦК Крива Паланка

### Со хуманост до безгрижно детство

Целта на овој проект била да се обезбедат подобри услови за живот на социјално загрозеното семејство Димитровски, односно да се средеи и разубави нивниот скромен дом. Младинците со хуманитарни собирни акции обезбедиле комплетно опремена кујна (6 висечки елементи, две работни маси, садопер, ел.шпорет), килим, неопходни средства за молерисување, поликолор, подлога, средства против влага, ваљак, четки), фасонка, две светилки, неопходни прехранбени продукти и облека за девојчињата. Младинците не само што ја обезбедиле големата донација за семејството, туку и помагале при варосувањето, чистењето и фарбањето и поминале време со двете девојчиња во проешетки и помагале при пишувањето на домашните задачи.

Изработиле: Елизабета Јованова, Иван Велиновски, Душан Ангеловски, Андријана Митовска, Стефан Јанковски, Андреј Цветковски

Дисеминатор: Елена Јакимовска

## ООЦК Крива Паланка

### Хуманоста пред се

Целта на овој проект била да се обезбеди храна, лекови, хигиенски средства и облека за социјално загрозеното семејство Велковски. Младинците организирале хуманитарен турнир во билијард, кој бил прилично посетен од граѓаните. Од хуманитарниот турнир и од донации успеале да обезбедат 3200 денари, со кои ја исполниле целта на нивниот проект и им помогнале на сопружниците од семејството Велковски.

Изработиле: Анета Станковска, Дамјана Цветковска, Иван Станковски, Теодор Величковски.
Дисеминатор: Елена Јакимовска

## ООЦК Крива Паланка

### Биди хуман, биди херој - помогни некому

Целта на овој проект беше да му се олеснат условите за живот на социјално загрозениот Милан од с.Конопница. Младинците за да ја остварат својата цел активно се вклучиле во организирање на хуманитарен концерт и повеќе хуманитарни собирни акции. Тие обезбедиле 19750 денари, со кои купиле: храна, покуќнина, облека, семенски материјали и средства за хигиена.

Изработиле: Петар Ѓошевски, Наде Тасевска, Филип Димитровски, Теодора Атанасовска, Ана Петковска - ментор
Дисеминатор: Елена Јакимовска

## ООЦК Крушево

### Полна соба насмевки

Целта на проектот е да се помогне на 13 деца од дневен центар за лица со посебни потреби со дружење, материјали и разубавување на просторот. Преку изработка на украси кои се продавани низ институциите во градот и донации од невладини организации и средното училиште од Крушево, младинците обезбедиле нови едукативни материјали (боенки и сл.), визуелен едукативен мате-

ријал (филмови, игри), дубак за најмалиот член, јога душек, теписони, стикери за ѕид, и оствариле 8 интерактивни средби со корисниците во Дневниот Центар.

Изработиле: Дамјан Стојчески, Михаела Новеска, Марија Груевска, Илина Бабеска, Стефанија Петроска, Благоја Наумоски –Гули (ментор)
Дисеминатор: Ангела Најдоска

# ООЦК Крушево

## Шанса за живот

Целта на проектот е да се помогне на петчленото социјално загрозено семејство Анѓелески, конкретно на таткото, кој треба да изврши анализи за пресадување на бубрег. Преку изработка на Велигденски украси и нивна продажба, собирна акција во кафуле, и организирање на натпревар во мал фудбал, младинците собрале 27 300 ден. кои им се предадени на семејството за потребите за анализи на Живко и исто така се обезбедени пакет храна и хигиенски производи.

Изработиле: Викторија Најдоска, Марија Петрушеска, Дона Ќука, Мартин Лозаноски (ментор)
Дисеминатор: Ангела Најдоска

# ООЦК Крушево

## За потопло утре

Целта на проектот е да се помогне на 4 социјално загрозени семејства од Крушево и да се исчисти и прилагоди просторија на ЦК Крушево за донирање стара облека и обувки. Преку собирни акции младинците собрале средства со кои купиле пакети со храна за социјално загрозените семејства и исто така преку донирање на стара облека од страна на граѓаните, им била донирана на истите семејства. Напоредно младинците исчистиле и уредиле просторија во ЦК Крушево која во иднина ќе биде просторија за собирање на стара облека и обувки.

Изработиле: Софија Мандилоска, Домника Кузманоска, Сара Зисова, Викторија Најдоска, Драгана Ѓорѓиоска (ментор)
Дисеминатор: Ангела Најдоска

## ООЦК Крушево

### Посетете го Крушево

Целта на овој проект е туристичка промоција на градот Крушево и помош на туристичките работници во градот. Младинците направиле видео со најатрактивните локации на градот за кои сметале дека не се доволно промовирани и го прикачиле на интернет со што биле поздравени од туристичите работници во Крушево. Посетителите на видеото можат да го погледнат и бараат на интернет.

Изработиле: Викторија Најдоска, Сара Зисова, Благоја Наумоски – Гули (ментор)
Дисеминатор: Ангела Најдоска

## ООЦК Крушево

### Светлина во нашиот двор

Целта на овој проект е разубавување на дворот на едно училиште. Со помош на професорот по ликовна уметност и дел од останатиот персонал на училиштето, младинците организирале набавка на цвеќиња кои биле посадени во дворот на училиштето. Поставиле цветни аранжмани по скалите и на влезот на училиштето. Со тоа ја постигнале својата цел, и во план и било и организирање на градина во склоп на училиштето за средношколците од струката угостители.

Изработиле: Христина Петреска, Анастасија Ѓорческа, Софија Мандилоска, Викторија Најдоска, Драгана Ѓорѓиоска (ментор)
Дисеминатор: Ангела Најдоска

## ООЦК Куманово

### Среќно детство

Целта на овој проект е разубавување на училишниот двор од с.Студена Бара, воедно задоволување на потребите за забавни и среќни детски денови. Волонтерите преку изработка и продавање на првоаприлски маски и собирни акции собрале 7000 денари, заедно со подршката дадена од бетонска фирма поставиле клупи и лулашки во училишниот двор.

Изработиле: Владимир Цветковски, Сања Голубовска, Марко Апостоловски, Раде Ристиќ, Филип Кузмановски, Сара Милковска, Марта Стефановска, Никола Милановски,

Симона Јовановска, Марио Ѓуроски, Наум Цветковски, Ана Пандиловска, Драгана Димитриевска, Кристина Илиевска, Христијан Додевски, Елена Апостоловска, Нина Димевска, Ивона Мироновска, Давид Стојковски, Душица Панчевска, Бисера Ѓошевска, Тамара Додевска, Мартин Димитриевски.

Дисеминатр: Сања Росевска

## ООЦК Куманово

### Јас научив, научи и ти

Целта на овој проект е зголемување на бројот на обучени млади за прва помош. ЦКА-ПХВ волонтерите обучиле 40 млади од основни и средни училишта за пружење прва помош и воедно формирале нови екипи кои поминале теоретски и практичен дел на обука. За време на обуките младинците се дружеле и регрутирале нови членови во својот клуб.

Изработиле: Раде Ристиќ, Сања Росевска, Сања Голубовска, Филип Кузмановски, Владимир Цветковски, др.Марјан Спирковски, координатор за прва помош и крводарител ство Ива Младеновска.

Дисеминатор: Сања Росевска

## ООЦК Куманово

## Собирање на играчки

Целта на овој проект е организирање на собирна акција на играчки при што се собрани 30 кутии играчки, и истите се донирани на децата кои живеат во населбата Диво Насеље-аселба каде ова година се случи вооружена престрелка. Акцијата успешно се спроведе и собраните играчки им беа донирани на дечињата кои многу им се израдуваа на подароците.

Изработиле: Лорита Лимани,Фазиле Реџепи,Сухејра Аземи ,Едона Хасани,Фатмире Јахиа,Нухи Нухиу

Дисеминатор: Мирлинда Реџепи

## ООЦК Куманово

### Да направиме мали нешта со голема љубов

Целта на овој проект е реновирање на тоалетот на едно загрзено семејство и за таа цел организирана е собирна акција низ целиот град каде што се собрани 30.000 денари. Средствата се потрошени

за купување плочки, лавабо за во купатило, када, чешма, и се друго што беше потребно за санација на купатилото. Младинците имале многу средби со многу фирми и компании кои се вклучија во реализација на овој проект.

Изработиле: Донат Салиу,Елза Хамити,Валмира Лимани,Афрона Арифи,Бардха Бајрами,Бесник Нухиу,Ардиан Малиќи,Ринор Јашари,Албина Имери,Беса Имери, Фатиме Rамадани,Диелза Хасани,Елмира Лимани,Илирида Саллаху,Артан Хасани,Енис Хусени, Шпетим Реџепи, Ариан Ибрахими, Блаон Хафузи, Бехар Арифи, Фитим Османи.
Дисеминатор: Мирлинда Реџепи

# ООЦК Куманово

## Посвети внимание и грижа

Целта на овој проект е социјализација и дружење со децата со специјални потреби од дневен центар во Куманово. Младинците организирале неколку креативни работилници на кои децата ги учеа разни песни, ора, готвење...и други нешта кои беа во интерес на децата. И по завршување на проектот младинците продолжиле да ги посетуваат децата.

Изработиле: Ерен Алиу, Вјолца Зеќири ,Ариф Лимани, Делвина Исмали,Исмаил Авдиу, Касум Билали,Бесникухиу,Ардиан Малиќи,Ринор Јашари,Фатиме Рамадани.
Дисеминатор: Мирлинда Реџепи

# ООЦК Неготино

## Подај рака, исполни нечие срце

Целта на овој проект е да се обезбеди машина за перење на социјално загрозено семејство од с. Тремник, стара облека и прехрамбени производи. Младинците организирале продажба на топол чај на улица, турнир во мал фудбал, промоција на книга, продажба на маски, Велигденска изложба и продавање на Велигденски јајца со што биле собрани 12 755 ден. со што им била купена машина за перење на семејството и прехрамбени производи, како и донирана стара облека и телефон.

Изработиле: Тијана Атанасовска, Ирена Бицевска, Мите Недевски, Дијана Андова, Стефан Џаздов, Елена Петрова, Маја Петрова, Ангела Стефановиќ (ментор)
Дисеминатор: Ѓорѓи Јованов

# ООЦК Неготино

## За среќа малку е потребно

Целта на овој проект е да се помогне на социјално загрозено семејство од с.Војшанци со снабдување на материјали за подобрување на надворешниот изглед на куќата оштетена од поплава. Младинците организирале проекции на цртан филм во ушилиште, турнир во шах и одбојка, и акција на пуштање на музика во дневна шема во кафуле и собирање на процент од работата на кафулето во тој период. Со сите тие активности младинците собрале 6000 ден. со кои купиле 6 вреќи цемент и основни градежни алатки со што успеале да ја завршат работата.

Изработиле: Емилија Грнчарова, Дарко Здравков, Елена Томовска, Ѓорѓи Митрев, Магдалена Петровска, Благица Пенкова, Катерина Јованова, Петар Миладинов, Симона Јорданова
Дисеминатор: Ѓорѓи Јованов

# ООЦК Неготино

## Хуманоста ги отвара портите на радоста и среќата

Целта на овој проект е да се помогне на лице болно од шизофренија од с. Карпалак со материјални средства за куќа. Младинците преку изработка на оригами и нивна продажба во кафулиња и за Велигден собрале 5000 ден со кои биле купени ќерамиди за покривање на куќата на лицето и обезбедено пакет храна.

Изработиле: Милена Јовановска, Снежана Ањовска, Диме Петров, Кристина Ѓорѓиева, Викторија Ефтимова
Дисеминатор: Ѓорѓи Јованов

# ООЦК Неготино

## Една цел, една мисија

Целта на овој проект е да се вклучат што повеќе младинци волонтери во клубот на млади на ООЦК Неготино од различни етнички групи. Младинците одржале предавање во едно училиште во Неготино кое е мултиетничко и ги запознале учениците со активностите на клубот. По извесно време новите волонтери биле вклучени во активности со што младинците од проектот ја постигнале својата цел.

Изработиле: Марко Стефанов, Констанца Глигорова, Викторија Андонова, Игор Додевски, Ангела тојанова, Влатко Стојанов
Дисеминатор: Ѓорѓи Јованов

## ООЦК Неготино

### Споделувај среќа, стави насмевка на нечие лице

Целта на овој проект е обезбедување материјали потребни на сиромашно семејство од с Криволак. Младинците преку поставување кутии за донации низ училиштата и повеќе места низ градот Неготино и Демир Капија (кафулиња и плоштад), успеале да соберат 11 308 ден. со кои купиле креветче за бебе, прехранбени производи, плинска боца, пелени и кујнски прибор.

Изработиле: Моника Јанчева, Лидија Нoткова, Ивана Ристевска, Камелија Петрова, Здравко Лазов, Кирил Јанчев, Кристијан Поповски
Дисеминатор: Ѓорѓи Јованов

## ООЦК Неготино

### Вложи труд, изгради дом обезбеди своја иднина

Целта на овој проект е да се догради започнат ѕид на куќа на повеќечлено социјално загрозено семејство од с. Криволак. Преку донации од фирми (планирани биле и ораторска вечер и натпревар за пишување есеи) обезбедиле 10 вреќи цемент, 85 цигли, 2 кубни метри песок, вкупно донирани материјали во вредност од 6675 ден.Ова било доволно да се заврши започнатата работа.

Изработиле: Марија Јанакиева, Милица Коцева, Благица Лазова, Ханде Сулејманова, Селима Абанова, Мустафа Чезимов, Стојан Велковиќ, Едвина Мустафова, Христијан Илиев, Нафа Цанева
Дисеминатор: Ѓорѓи Јованов

## ООЦК Охрид

### Поттик

Целта на проектот е да се обезбедат парични средства за лекување и терапија на една самохрана мајка. За таа цел, учесниците организирале повеќе активности, и тоа: рачни изработки во соработка

со повеќе невладини организации и нивна продажба на Велигденскиот саем; продажна изложба; собирни акции во три основни училишта и продажба на здрава храна, од кои се собрани 17.094 денари, кои се уплатени на сметката на корисникот. Исто така, учесниците успеале да обезбедат годишна претплата за детето на самохраната мајка во еден едукативен центар соодветен за неговата возраст.

Изработиле Виктор Јолакоски, Филип Милошески, Стефан Милошески, Теодора Настоска, Стојанчо Грујоски
Дисеминатор: Јованка Сион-Доленц

## ООЦК Охрид

### Топол дом

Целта на овој проект била да се обезбеди мебел за едно социјално загрозено семејство. Преку апел до граѓаните, младите ја рашириле својата порака за потрага за мебел кој би се донирал во семејството. Успеале да обезбедат седечка гарнитура за во дневна соба – тросед, двосед и фотелја.

Изработиле: Костадин Ангелоски Сибел Доко Виктор Домазетоски Марија Тодоровска
Дисеминатор: Јованка Сион-Доленц

## ООЦК Охрид

### Букви

Целта на овој проект била да се помогне на едно 7-годишно дете во совладување на наставата која не ја посетувал бидејќи, поради проблеми со видот, било на операција во странство. Во текот на проектот, учесниците одржале три часа математика и четири часа македонски јазик со корисникот, организирале повеќе прошетки и го вклучиле во активноста на изучување англиски јазик која се спроведува во ООЦК Охрид. На крајот на проектот, корисникот течно читал и пишувал, распознавал 2Д и 3 Д форми, и собирал и одземал до 100.

Изработиле: Филип Петрески, Ѓоко Маркоски, Тео Танески, Виктор Домазетоски, Ангела Пироска
Дисеминатор: Јованка Сион-Доленц

## ООЦК Охрид

### Подај раче за другарче

Целта на овој проект била да се помогне едно шест годишно девојче, кое по претрпување на семејна трагедија, живее со своите баба, дедо и вујко со Даун синдром. Младите одлучиле да помогнат, покрај материјално, и со организирање на средби и забави преку кои девојчето би можело полесно да се социјализира и да ја прифати средината. Организирале неколку детски забави во игротеки, како и роденденско изненадување за девојчето. Девојчето понатаму е вклучено во активности за нејзина возраст на англиски јазик. Учесниците организирале и хуманитарна забава, а успеале да обезбедат и преносен компјутер – лаптоп за корисникот.

Изработиле: Антонио Маркоски, Виктор Домазетоски, Мартин Јузмески, Александра Лазеска, Ибел Доко, Мартин Колоски.
Дисеминатор: Јованка Сион-Доленц

## ООЦК Охрид

### Бајки

Целта на овој проект е да се обезбеди и опреми библиотечен фонд од 150 книги со детска содржина и лектири до второ одделение, за децата кои се лекуваат во детското одделение на болницата, како и шкафче на кое истите би биле поставени. Учесниците, по пат на собирна акција во училиштата успеале да ги соберат овие книги, во кои ставале и по една мотивациска порака и лого. За да обезбедат средства за шкафчето, организирале хуманитарен натпревар во спортско стрелаштво.

Изработиле: Ѓоко Маркоски, Филип Петрески, Виктор Домазетоски, Тео Танески, Антонио Маркоски, Марија Јованоска.
Дисеминатор: Јованка Сион-Доленц

## ООЦК Охрид

### Компас

Целта на овој проект е да се обезбеди рачен блендер, пелени за возрасни, храна, хигиенски пакети и облека и обувки за едно трочлено семејство од самохран татко и две деца кои боледуваат од церебрална парализа. Учесниците организирале хуманитарен натпревар на запознавање на градот

во соработка со друга невладина организација, во која биле вклучени ученици од повеќе училишта, како и повеќе собирни акции на начин што писмено се обратиле до повеќе потенцијални донатори. Успеале да обезбедат 100 парчиња пелени за возрасни, рачен блендер, пакети со храна и хигиенски производи, како и облека и обувки за таткото. Учесниците успеале да обезбедат и решение со важност од 12 месеци за бесплатно добивање на пелени за возрасни од Фондот за Здравствено Осигурување, како и Решение за одобрување на ортопедско помагало – количка.

Изработиле: Виктор Домазетоски, Ана Ѓорѓиеска, Марија Тодороска, Ѓоко Маркоски, Тео Танески, Стојанчо Грујоски, Андреа Илиевска.
Дисеминатор: Јованка Сион-Доленц

# ООЦК Охрид

## Внуци

Целта на оваа група била да организираат дружење со една постара жена која веќе подолго време живее сама. Учесниците во 7 наврати организирале тричасовни посети во нејзиниот дом. Учесниците самите подготвиле домашна храна и бојадисале јајца за Велигден, а донирано е и овошје. Организирано е и роденденско изненадување за корисникот, надвор од нејзиниот дом, во кое учествувале, покрај учесниците во овој проект, уште многу млади луѓе.

Изработиле: Анастасија Чутрова, Антонио Попоски, Наталиа Наумоска, Тамара Танкоска, Ана Ѓорѓиеска, Мелиса, Ибраим, Кристина Лечоска, Кристина Несороска, Тео Танески, Никола Белески.
Дисеминатор: Јованка Сион-Доленц

# ООЦК Прилеп

## Сите сме еднакви- да шириме љубов и хуманост

Цела на овој проект беше интерпретирање на книгата “Касни порасни” од Петре М. Андреевски на знаковен јазик, а со тоа и подигање на свеста кај општата популација за поголема заинтересираност и вклученост во дестигматизацијата на оваа целна група. Целна група на овој проект беа децата до 8 години со проблеми во слухот и говорот од РМ за да ја остварат оваа своја цел младинците кои го изработуваа овој проект најпрво самите го научија знаковниот јазик со помош на еден волонтер дефектолог, а потоа своето новостекнато знаење го искористија за да снимат видео запис со песничките од книгата Касни порасни, кое потоа го поставуваат на каналот Јутјуб.

Изработиле: Лилјана Илиоска, Марија Илиеска, Андреа Аврамоска
Дисеминатор: Игор Нанески

## ООЦК Прилеп

Разиграни броеви

Цела на овој проект беше помош на 22 деца од ромска националност во совладувањето на училишниот материјал по математика. За да ја остварат оваа своја цел, младинците кои го реализирале овој проект во текот на два месеци работеле со оваа целна група и оствариле 16 дополнителни часови по математика. Пред почетокот на дополнителната настава тие направиле предтестирање, а исто така направиле и посттестирање после завршувањето на часовите со кои е евидентен напредокот кај децата со кои се работело. За што поуспешно да ја остварат својата цел и програма младинците обезбелиле донација од 22 комплети од тетратки, пенкала, моливи, гуми за бришење, а како награда за заинтересираноста и вклученоста на децата обезбедиле 22 пакети со смоки, ресани, чипс, цевитана и чоколадо.

Изработиле: Матеја Илиеска, Андреа Трпаноска, Диана Стојаноска
Дисеминатор: Игор Нанески

## ООЦК Прилеп

Сите сме исти, сите сме луѓе

Цела на овој проект беше помош на едно социјално ранливо петчлено семејство од ромска националност, преку обезбедување на бебешка и облека за возрасни, храна и хигиенски средства, бебешка храна и опрема, како и обезбедување на апарат за домаќинство кој им е неопходен за нивно нормално функционирање. За да ја остварат оваа своја поставена цел младинците најпрво организирале хуманитарен настап на кој учество зеле КДУ Мирче Ацев, а потоа организирале и собирна акција за храна, облека и играчки во своето училиште. Собраните добра од овие остварени активности младинците потоа ги донирале на семејството.

Изработиле: Катерина Стојаноска, Ангела Трајкоска, Марко Чурлиноски
Дисеминатор: Игор Нанески

## ООЦК Прилеп

### Среќно детство за весела иднина

Цела на овој проект беше организирање на 18 креативни работилници за 113 деца од предучилишна возраст од пет паралелки во две градинки во Прилеп. За да ја остварат оваа своја цел младинците сами ги осмислиле и ги реализирале креативните работилници на теми кои се истовремено едукативни и интересни за децата, како што е Црвен крст, Хуманост, безбедност во сообраќајот, здрава исхрана и сл. Покрај ова тие од донации обезбедиле уште и 13 книги за деца од предучилишна возраст, 22 DVD ЦД-иња со цртани и приказни за деца, 18 боенки, 5 игри за деца "Топ бинго" и 26 играчки, кои потоа ги донирале во градинките.

Изработиле: Ангела Трајкоска, Катерина Стојаноска, Марко Чурлиноски
Дисеминатор: Игор Нанески

## ООЦК Прилеп

### Спортуваме за да помогнеме

Цела на овој проект беше допремување на Центарот "Порака" - Прилеп и социјализација со 18 штитеници, кои се над 18 години икои поради својата интелектуална попреченост се згрижени во ЦПЛИП Порака. За да ја остварат оваа своја поставена цел младинците решиле да организираат хуманитарни спортски натпревари во мал фудбал, одбојка и баскет. Преку овие активности младинците обезбедиле парични средства со кои потоа е купена опрема за Центарот во вид на топки за пилатес, блендер, тостер, миксер, кујнски прибор и садови , корпа за отпадоци, канцелариски материјали и материјали за креативно изразување како блокови, хамери, самолеплива хартија, темперни бои, водни бои, фломастери, дрвени боици, хартија во боја, друштвени игри, боенки, табла за пишување и маркери за пишување на табла.

Изработиле: Јулијана Тренеска, Даниела Велеска, Далибор Димоски
Дисеминатор: Игор Нанески

## ООЦК Прилеп

### Топол дом за уште една искрена насмевка

Цела на овој проект беше подобрување на условите за живот во домот на една социјално ранлива

64 годишна жена, чиј дом беше погоден од временска непогода. За да ја остварат оваа своја цел младинците преку донации обезбедиле една канта поликолор со која потоа еден молер волонтерски и ја вароса собата за живеење на бабичката. Исто така од донација тие обезбедиле и ПВЦ фолија 16 квадрати за подот во собата, два кревети, една маса и четири столици и една абдесана со помошна работна маса. Младинците сами целосно и ги исчистиле двете соби и салонот, кои беа во лоша состојба после поплавите. Тие исто така организирале и хуманитарна ораторска вечер преку која собрале доволно средства за да набават материјали во вид на 12 метри железо, 1 кантичка основна боја, 2 леви и 2 десни ментешина, една рачка за отворање и затворање на прозорецот, електроди и слично, сето тоа за поправење на прозорецот во една од собите на бабичката, кој бил целосно уништен после поплавите. Прозорецот бил бесплатно изработен и монтиран од страна на еден локален мајстор.

Изработиле: Маја Дејаноска, Ивана Јованоска, Сара Јованоска, Далибор Димоски
Дисеминатор: Игор Нанески

## ООЦК Прилеп

### Биди хуман, подари од срце

Цела на овој проект беше помош на едно осум члено социјално загрозено семејство од Прилеп, преку донирање на дел од потребните средства за нормално одвивање на нивниот живот. За да ја остварат оваа своја цел младинците организирале хуманитарната трка преку која обезбедиле средства со кои потоа купиле 80 литарски бојлер и го подариле на семејството. Тие исто така од донации обезбедиле и една абдесана, како и две работни масички за да можат децата да ја пишуваат својата домашна работа.

Изработиле: Емилија Чавлеска, Теодора Стеваноска, Искра Димоска, Јана Наумоска, Далибор Димоски
Дисеминатор: Игор Нанески

## ООЦК Прилеп

### Цело е кога сме сите заедно!!!

Цела на овој проект беше помош на една соученичка преку обезбедување на парични средства за 7 дневна екскурзија, која била нејзина голема желба. За да ја остварат оваа своја цел младинците организирале низа на најразлични креативни активности како изработка и продажба на мартинки,

правење на фризури и сл. Преку овие активности тие успеале да ги соберат потребните средства за 7 дневната екскурзија, и со тоа и овозможија на својата соученичка незаборавно искуство и дружење во Верона, Монте Карло-Монако, Барцелона, Кан, Ница, Венеција, Милано, Лаго Ди Гарда, Лорет Де Мар, Лидо Ди Јесоло.

Изработиле: Сара Јованоска, Ивана Јованоска, Маја Дејаноска, Далибор Димоски
Дисеминатор: Игор Нанески

## ООЦК Прилеп

### Мала помош за еден самец

Цела на овој проект беше ублажување на моментално лошата животна ситуација на едно 45 годишно лице кое живее само, преку обезбедување на храна и хигиенски пакети. За да ја остварат оваа своја цел младинците побарале донации од неколку локални маркети. Со собраните средства тие подготвиле неколку пакети со храна и хигиенски производи и ги донирале на ова лице кое живее само.

Изработиле: Маријана Митреска, Валентина Јоневска, Сандра Ристеска, Теодора Наумоска, Марко Чурлиноски
Дисеминатор: Игор Нанески

## ООЦК Прилеп

### Да ја вратиме среќата во домот на нашиот соученик

Цела на овој проект беше собирање на парични средства за лекување на еден нивен соученик кој боледувал од Кучешка тенија. За да ја остварат оваа своја цел, младинците заедно со здружението на пензионери во нивниот град организираат хуманитарен натпревар во шах, пикадо и табла. Покрај ова, тие организираат и креативни работилници за изработка на белегзии, кои потоа ги продаваат на неколку прометни локации во градот. Собраните средства од овие активности на крај ги донирале на семејството за лекување на нивниот соученик.

Изработиле: Благојче Мојаноски, Теодора Петровска, Мартина Темелкоска, Александар Стојкоски, Далибор Димоски
Дисеминатор: Игор Нанески

# ООЦК Прилеп

## Креативни работилници со деца со посебни потреби

Целта на овој проект беше одржување на 5 креативни работилници за 28-те деца од посебната паралелка од едно од основните училишта. Младинците преку овој проект сакале да придонесат кон разбивањето на бариерата од другите деца кон децата од посебната паралелка, а истовремено и намалување на стигмата и дискриминацијата кон децата од посебната паралелка, како и развивање на нивната креативност. За таа цел тие организирале креативни работилници заедно со децата од специјалната паралелка за време на кои се дружеле и забавувале. Тие заедно, во текот на овие работилници, изработиле 150 велигденски картички, кои потоа децата од специјалната паралелка им ги подариле на ученици од другите паралелки во училиштето.

Изработиле: Симона Ристеска, Ева Тумановска, Ангела Ацеска, Андреа Аврамоска
Дисеминатор: Игор Нанески

# ООЦК Пробиштип

## Велигден - Голем празник за хумани дела

Целта на овој проект е помош во парични средства на Јовица кој боледува од канцер. За успешна реализација волонтерите организираа собирна акција со поставен штанд на плоштадот во Пробиштип по повод Велигденскиот хепенинг, на кој се продаваа украсени велигденски јајца изработени од страна на членовите на Клуб на млади - ООЦК Пробиштип. Беа собрани 18.500 денари кои лично му беа предадени на Јовица со што се овозможи продолжување на неговото лекување кое е во завршна фаза.

Изработиле: Катерина Митковска, Радмила Мишева, Анастасија Симоновска, Денис Пановски, Викторија Мијалчева,Ангела Тодосова, Теодора Амповска, Тамара Митева, Ан тонија Митева.
Дисеминатор: Сузана Митковска

# ООЦК Пробиштип

## Се додека можам да си дозволам ќе донирам

Целта на овој проект е помош на баба Данка со неопходни средства кои таа сама не може да си ги обезбеди. За таа цел волонтерите организираа хуманитарната забава од која собраа 7000 денари

со што се обезбедија побараните средства како храна, хигиена и уште некои нешта кои и беа потребни.

Изработиле: Леонардо Николов, Никола Пеншов, Александар Бранковски.
Дисеминатор: Сузана Митковска

# ООЦК Пробиштип

## Хуманоста е ретка птица која лета во рамките на напатеноста

Целта на проектот е собирање на парични средства за да му се помогнеме на слепиот Дејан. Волонтерите организираа хуманитарната забава, повикаа многу свои пријатели и собраа 5000 денари кои му ги донираа на Дејан за да може да си ги купи потребните лекови за неговото лекување.

Изработиле: Викторија Мијалчева, Јована Пановска, Антонија Митева, Теодора Амповска, Ангела Тодосова, Тамара Митева.
Дисеминатор: Сузана Митковска

# ООЦК Радовиш

## Со срце, до посакуваната цел

Целта на овој проект е подобрување на животот на фамилијата Раимови преку подобрување на условите за хранење и спиење. За оваа цел волонтерите организираа 4 собирни акции од кои собраа 5000 денари со што набавија нов мини шпоретот и пакет со храна и брашно, а обезбедија и половен кревет (тросед), ќебе, храна и облека.

Изработиле: Камелија Иванова, Благица Трајкоска, Верица Гоцевска, Илина Ристова, Надица Спасова.
Дисеминатор: Драгана Коцева

# ООЦК Радовиш

## Човештвото е океан; ако неколку капки во океанот се нечисти, океанот нема да стане валкан

Целта на овој проект е снабдување со основни продукти за живот за две загрозени семејства од Ка-

лугерица, Радовиш. За остварување на целта се организираа собирни акции помеѓу граѓаните на општина Радовиш и во училиште, а со собраните средства и донациите се обезбеди прибор за јадење, храна, облека, обувки и хигиенски средства

Изработиле: Стефан Китанов, Пецанова Марија, Андреа Анастасова, Лора Коцева, Глорија Јанева.
Дисеминатор: Драгана Коцева

## ООЦК Радовиш

### Подајте рака, допрете срце

Целта на овој проект е помош на две стари и изнемоштени жени од турска националност од село Конче преку обезбедување на храна, облека и други средства за живот. За да ја остварат својата цел волонтерите организираа хуманитарна манифестација со драмска претстава, турско оро, а организираа и собирана акција. Од продадените 80 карти и собирната акција беа собрани 15 пакети облека, 10 пакети храна, 5 пакети хигиенски сретства и 4.000 денари од кои се купени столчиња, масичка и мала комодичка.

Изработиле: Ристе Василев, Слаѓана Петрова, Влатко Василев, Берхан Ибраимов, Ангела Танасова, Јорданка Василева.
Дисеминатор: Драгана Коцева

## ООЦК Радовиш

### Подај рака-Биди хуман

Целта на проектот е подобрување на животот на семејството Доневи. Преку хуманитарен настан насловен како “Подај рака-Биди хуман” во кои се изведувале две драми, балетски точки, поетско читање и песни се собрани вкупно 3 160 денари од присутни околу 100 лица и обезбедени се во тој износ прехранбени и хигиенски продукти за семејството.

Изработиле: Стефани Стефанова, Наталија Здравкова, Анета Петрова, Јован Јованов.
Дисеминатор: Драгана Коцева

# ООЦК Радовиш

## Сламка по сламка гнездо

Целта на проектот е помош на загрозеното семејство Јанакиеви од Радовиш составено од татко, мајка и нивен син. Со цел да се соберат парични средства се организираше хуманитарна драма “Леб или Љубов, за што сте повеќе гладни”. Собераните парични средства се наменети за купување на блокови за да се изгради оштетениот ѕид од нивниот дом.

Изработиле: Маја Атанасова, Даниела Коцева, Стефан Китанов, Христина Берланчиќ, Маријана Коцева.
Дисеминатор: Драгана Коцева

# ООЦК Ресен

## Step by step

Младинците кои го изработувале овој проект имаа за цел да му помогнат на социјално загрозеното семејство Василевски од с.Јанковец. Тие организирале хуманитарен турнир во мал фудбал и хуманитарна забава, при што собрале 5 700 денари, со кои на ова ранливо семејство му обезбедиле бојлер и храна. На тој начин младите преку промовирање на здрав и активен живот, помогнале на социјално загрозено семесјтво.

Изработиле: Дарко Марковски, Михајло Секуловски, Сања Мишковиќ, Љубица Апостоловска, Александар Белешовски
Дисеминатор: Маја Ивковска

# ООЦК Ресен

## Црвено-бело

Младинците кои го изработувале овој проект имаа за цел да им го разубават секојдневието на дечиња од 1 до 6 години од градинка и дневен центар во Ресен, на тој начин што им подариле мартинки во месец март. Младинците направиле работилница за изработка на мартинки и изработиле 150 мартинки. Исто така, тие сакале на овој начин да ја задржат традицијата за изработка на мартинки.

Изработиле: Кристина Пецалевска Катерина Павловска Михајло Секуловски Дарко Марковски Сања Мишкович
Дисеминатор: Маја Ивковска

## ООЦК Ресен

### Од Крани за Крани

Целта на овој проект беше младинците да обезбедат камин, за да може да се топли во текот на зимскиот период, и да му го олеснат животот на нивниот сограѓанин Илче од Крани. Младите преку повеќе хуманитарни собирни акции успеале да обезбедат 6500 ден., со кои му го обезбедиле каминот на нивниот сограѓанин и му го разубавиле животот.

Изработиле: Валбона Седалиу, Бујаре Сабриу, Иман Синани, Веса Седалиу, Дјелза Шерифи.
Дисеминатор: Маја Ивковска

## ООЦК Ресен

### Со знаење до хуманост

Младинците кои го изработуваа овој проект имаа за цел да го разубавуваат животот на Моника, нивна соученичка. Тие реализирале во две училишта едукативни квизови, при што успеале да направат голема промоција и да вклучат голем број на учесници и посетители. Од собраните 1500 ден., купиле облека за социјално загрозената соученичка.

Изработиле: Љубица Апостоловска Марија Китановска Меги Дочовска Едона Зенели Теодора Чоневска
Дисеминатор: Маја Ивковска

## ООЦК Ресен

### Мало дело со голема љубов

Младинците кои го изработуваа овој проект имаа за цел да обезбедат храна и хиегиенски средства за две социјално загрозени семејства од село Крани. Младинците преку хуманитарни собирни акции успеале да обезбедат 1500 денари, со кои купиле храна и хигиенски средства за двете загрозени семејства во с.Крани.

Изработиле: Веса Седалиу, Диелза Шерифи, Егзона Адеми, Битие Асани, Алдина Лумани.
Дисеминатор: Маја Ивковска

## ООЦК Св.Николе

### Сонот е половина здравје

Целта на проектот е да се подобри сонот на родителите на семејството Заркови од Свети Николе преку купување на кревет за родителите. За да ја реализираат својата цел волонтерите проектираа филм во локалното кино т.е. филмувана бајка за деца од градинките, а со собраните средства купија кревет за родителите, храна, средства за хигиена и облека за детето Јована.

Изработиле: Маја Коцева, Милица Тодорова, Христина Давитковска, Искра Михаиловска, Нина Гиевска.
Дисеминатор: Ивана Марковска

## ООЦК Св.Николе

### Со посладок сон до посветло утро

Целта на проектот е да се подобри сонот на едно штотуку родено бебе и обезбедување на основните потреби за животот на семејството Марковски од село Пеширово и нивното новороденче. Волонтерите организираа хуманитарна забава и собраа 7500 денари со што купија креветче за спиење, облека, средства за хигиена и храна за неколку месеци.

Изработиле: Бојана Манева, Марија Наумова, Мери Додева, Бојан Николов.
Дисеминатор: Ивана Марковска

## ООЦК Св.Николе

### Заедно да ја победиме темнината

Целта на овој проект беше да се пушти струјата на семејството Винкови за да продолжат да живеат во нормални услови. За остварување на целта волонтерите организираа хуманитарен спортски натпревар преку кои собраа 5000 денари. Комуналните служби од градот самоиницијативно ја помогнале активноста со дополнителни 3000 денари. Со собраните средства волонтерите го

подмирија долгот за струја и обезбедија школски прибор за децата, храна и средства за хигиена.

Изработиле: Катерина Михајлова, Татјана Панева, Викторија Димчева, Ангела Јанева, Иле Станоев.
Дисеминатор: Ивана Марковска

## ООЦК Струга

### Подели радост, Подели знаење

За да се исфарбаат ѕидовите и да се нацртаат различни цртежи за подобра атмосфера на часовите во едно од основните училишта каде учат деца со посебни потреби, младинците организираа натпревар по пинг-понг, правеа флаери и собираа донации. Со собраните средства купија материјали за реновирање на училницата и со многу забава и дружба ги подобрија условите во кои учат децата со посебни потреби.

Изработиле: Теофил Будоски, Филип Узунов, Демиш Сефиданоски, Робертино Димоски, Викторија Радиноска, Марија Јованоска,Санел Ајдароски
Дисеминатор: Стојан Целевски

## ООЦК Струга

### Да ги преточиме боите во детска насмевка

Со цел варосување, цртање на катчето и реновирање на две градинки беше организиран концерт во Центарот за култура „Браќа Миладиновци" во Струга. Концертот беше организиран во соработка со КУД „Илинден" и учествуваа учествуваа Антонио Пејоски, Студио за танц „Бах", КУД „Охриѓанка"- Охрид, КУД „Дримкол"- Вевчани и КУД „Илинден"- Струга. На овој концерт успешно се собраа 7000 денари со кои беа купени бои (поликолор), четки, ваљаци, бои за цртање , боја за дрво и успешно беа сменети внатрешните ѕидови на градинките.

Дисеминатор: Стојан Целески

## ООЦК Струга

### Да подариме насмевки на фамилијата Гучески

За да се реновира комплетно собата на едно девојче од социјално загрозено семејство во селото

Враништа младите цементираа, редеа ламинат, ги покриваа дупките на ѕидовите и варосуваа. Средствата за да се постигне сето ова беа собрани преку хуманитарни забави во кафе бар „Алегро“во Враништа и „Пливалиште“- Струга. од кои се собраа 11000 денари.

Изработиле: Костадина Клечкароска, Фросина Далческа, Марта Спироска, Ивона Стојческа, Марија Матоска
Дисеминатор: Стојан Целески

## ООЦК Струга

### Секој заслужува да ги надгради своите знаења

Со цел запишување на две деца од социјално загрозено семејство во курс по англиски јазик собирни акции беа спорведени за време на големиот христијански празник Велигден на в.Ѓорѓија. Со оваа акција беа собрани 9000 денари со кои беа платени часовите по англиски јазик за децата од социјално загрозеното семејство.

Изработиле: Мирјана Белеска, Наталија Смаќоска, Анастасија Стефаноска, Мартина Дукоска, Мартина Прентоска, Анастасија Мечкароска.
Дисеминатор: Стојан Целевски

## ООЦК Струга

### Единствена желба на малечко девојче

Спремни да го запишуваат 5 годишното девојче во градинка и воедно да и олеснат на мајка и да почне да работи, младите стружани имаа две средби со директорот на градинката. Поради нивното добронамерно дело, градинката одлучила дека за девојчето, предшколското образование ќе биде бесплатно. Во тој случај тоа што младинците требаа да го обезбедат е школскиот прибор, облека/обувки, хигиенски прибор и земањето на брис на девојчето. Тоа го постигнаа преку собирни акции во чаршијата и продавниците и преку продавање на картички по нивните училишта. Сега девојчето оди во градинка а мајката работи привремено.

Изработиле: Мартина Митреска, Андреа Пантелашоска, Моника Коруноска, Александра Петреска, Моника Мечкароска
Дисеминатор: Стојан Целевски

## ООЦК Струга

### Да го обоиме детскиот свет со љубов дадена на вистински начин

Преку собирни акции и поставување на кутии во шест локали младинците од Струга имаа за цел да ја овозможат очната операција на Ј.Ц. Исто така се организираа и две забави во ноќниот клуб „Револушн“ и кафе барот „Албум“. Успешно се собраа 8600 денари кои беа малку за покривање на операцијата, за која таткото во меѓувреме се снашол со средства. Со собраните пари се обезбедија лекарства за после оперативниот период и капки за очи, но и беа покриени патните трошоци за превоз, бензин и патарини потреби за медицинските контроли.

Изработиле: Магдалена Алулоска, Васка Попоска, Катерина Коркутоска, Александра Ѓоргоска, Марија Пејоска.
Дисеминатор: Стојан Целевски

## ООЦК Струга

### Матурска вечер

Хуманитарен турнир во фудбал беше организиран во средното училиште „Нико Нестор“ со цел да му се обезбеди гардероба и учество на еден матурант во матурската прослава за да не се чувствува исклучен од друштвото. Матурантот имаше прекрасна матура со своите другари и моменти кои ќе ги памети за цел живот благодарение на младите од Црвен крст.

Изработиле: Мартина Дукоска, Мартина Прентоска, Моника Мечкароска, Анастасија Стефаноска, Анастасија Мечкароска
Дисеминатор: Стојан Целески

## ООЦК Струга

### Живеј го животот

За да се подигне свеста за последиците од абортусот младинците во Струга изработија еден вид на кампања, која се состоеше од 4 фази. Во првата фаза самите младинци читаа и истражуваа за абортусот, во втората фаза се консултираа и собираа совети од гинеколог и психолог, во третата се информираа повеќе за правната регулатива со која се регулира абортусот во нашата држава а во четвртата фаза изработија претстава со тема абортус. Со собраните средства од претставата, мла-

динците го уредија одделот за деца во државната болница во Струга.

Изработиле: Ардит Хани, Арди Жута, Харун Мехмети, Фатлинда Хасипи, Адиса Селими, Блеона Шеј, Јета Положани.
Дисеминатор: Флактрим Жута

## ООЦК Струга

### Соработка за хуманост

Со цел да се ублажат условите на социјално загрозените семејства кои гладуваат, младинците се мобилизираа на собирна акција по основните и средните училишта. Од прехранбените производи кои младите ги собираа во училиштата, беа помогнати 22 семејства и 2 баби кои живеат сами, за кои се обезбеди храна за 2 месеци.

Изработиле: Ерзана Таири, Аида Лога, Рејхана Тоска, Нора Хајрдени, Ајлин Маличи.
Дисеминатор: Флактрим Жута

## ООЦК Струга

### Денот на мајките

Младинците од Струга овој 8-ми Март сакаа да го направат посебен на жените кои боледуваат во државната болница во Струга преку делење на цвеќиња. Цвеќињата ги обезбедија преку барање на донација од една цвеќарницата во Струга. Поминаа неколку часа со нив зборувајќи за убави нешта и делејќи им цвеќиња.

Изработиле: Едона Зиба, Едона Истрефи, Неџибе Истрефи, Харун Мехмети, Ерлиса Влаши, Ерион Хусеини.
Дисеминатор: Флактрим Жута

## ООЦК Струга

### Заедно до насмевка

Младинците од Струга сакаа да им го разубавуваат слободното време на децата со посебни потреби. За таа цел тие редовно одеа и се дружеа со нив преку интерактивни игри, цртање и пишување. Исто

така преку донации обезбедија за нив лего коцки и ДВД за гледање на филмови. За собирање на средствата беше организиран хуманитарен квиз на знаења за Црвениот крст. На квизот учествуваа сите основни училишта во Струга и во околните села, и имаше пријавени околу 100 ученици.

Изработиле: Албиона Шаипи, Мендухије Шеји, Јетон Ајдари, Едита Винца, Флорентина Шерифи.
Дисеминатор: Флактрим Жута

# ООЦК Струга

## Заедно за околината

Волонтерите организираа едукативни работилници за рециклирање, меѓуетничко дружење и чување на животната средина во две осивни училишта од прво до трето одделение беа бојадисувани и ѕидови од двете училишта со цел подигање на свеста за рециклирање преку едукативни работилници. Учениците исто така учеа и за Црвениот крст, а од шишиња и од стари ЦДи изградија катче за играње.

Изработиле: Јета Ајдари, Мелиса Жута, Чибарет Таири, Блертон Арслани, Флорим Зубери, Елиза Зулали.
Дисеминатор: Флактрим Жута

# ООЦК Струга

## Надеж за живеење

За да се реновира куќата на петчленото семејство од Струга и да се изгради тоалетот беше организиран хуманитарен концерт. Беа собрани доста срдества но другиот дел од потребните материјали беа обезбедени преку донации од различни градежни фирми. Проектот се уште се реализира и во тек се поставување на санитарните елементи во тоалетот.

Изработиле: Мелиса Крека, Рудина Даути, Дардан Села, Генци Хани, Валдрин Лога.
Дисеминатор: Флактрим Жута

## ООЦК Струга

### Радоста во нивни очи

На две семејства кои живеат во многу лоши услови им беше неопходна помош. На една жена која живее сама и беше потребно бојадисување на ѕидовите, кревет, ламинат, и облека, додека пак на шестчленото семејство мебел. За таа цел беа организирани две хуманитарни забави во „Аква блу" и „Дипломат". Другите потребни материјали беа донирани од „Генц комерц" и „Абба". И двете целни групи им беше помогнато.

Изработиле: Ерзана Черими, Алба Положани, Јетон Ајдари, Беким Бакали, Кристина Наумоска, Делма Одзоска.
Дисеминатори: Флактрим Жута

## ООЦК Струмица

### Од нас за нас

Целта на овој проект беше да се обезбедат финансиски средства, со кои ќе се обнови оградата и суреди и разубави дворот на ООЦК Струмица. За да ја остварат оваа цел младинците направиле неколку собирни акции и преку повеќе спонзорства обезбедиле финансиски средства за 16 л. боја за оградата, 7 л. разредувач и 15 четки за фарбање. Акцијата успешно завршила, откако младинците го обновиле и преуредиле надворешниот простор пред организацијата.

Изработиле: Симона Миланова, Милица Миова, Славе Котески, Гонце Панделишева
Дисеминатор: Заге Каменчева

## ООЦК Струмица

### Купи цвет за подобар живот

Целта на овој проект беше да се соберат финансиски средства за да се помогне на болен сограѓанин Кире. Младинците преку креативна работилница изработиле хартиени цветови, кои ги продавале на граѓаните, при што собрале финансиска помош. Собраните средства биле донирани на седумнаесет годишниот болен сограѓанин за лекување на неговата состојба.

Изработиле: Зорица Трајковска, Христина Костадинова, Гонце Панделишева, Марија

Витанова, Александар Момчилов, Дејан Трендов
Дисеминатор: Заге Каменчева

# ООЦК Струмица

## Спортска недела

Проектот беше направен со цел да се подобрат условите за полесно функционирање на Здружението за слепи лица во Струмица. Волонтерите приредиле неколку спорстки натпревари со кои на здрав и активен начин собрале финансиски средства за да им помогнат на лицата со оштетен вид. Собрани биле 15.633 денари од кои што биле купени бои и опрема за бојадисување на ѕидовите, боја за фарбање на вратите и прозорците, радио-касетофон и 5 лупи, наменети за подобро функционирање на оваа здружение.

Изработиле: Христина Костадинова, Елизабета Колева, Зорица Трајковска, Гонце Панделишева, Александар Момчилов
Дисеминатор: Заге Каменчева

# ООЦК Струмица

## Иако модата напредува, насилството останува

Целта на овој проект беше со низа креативни и инспиративни активности да се помогне на Здружението на глуви и наглуви лица од Струмица. Младинците направиле голем настан со модна ревија, која пренесувала силна порака да се спречи насилство, видео против трговија на луѓе и музички настапи. Се обезбедиле 3600 денари од кои со дел од средствата биле купени фото апарат, мемориска кртичка и футрола за потребите на Здружението на глуви и наглуви лица.

Изработиле: Гонце Панделишва, Дејан Трендов, Зорица Трајковска, Хистина Костадинова, Александар Момчилов.
Дисеминатор: Заге Каменчева

# ООЦК Струмица

## Да ја слушнеме повторно детската радост

Целта на овој проект беше уредувањето на двор во ново отворена градинка во о.Василево, при што

младите дечиња од градинката ќе можат да си играат во среден двор. Младинците направиле хуманитарен концерт, во кој биле вклучени фолклорни групи од различни етникуми. Од концертот кој бил одржан на 1 Април во домот на културата „Антон Панов"-Струмица биле собрани 11.800 ден, со кои се суредил дворот во градинката и се купиле и поставиле лулашки за дечињата.

Изработиле: Ангела Јованова, Зорица Трајковска, Милица Миова, Симона Миланова, Марија Витанова
Дисеминатор: Заге Каменчева

## ООЦК Тетово

### Сите сме Перо

Целта на овој проект е собирање на средства за лекување на лице болно од рак од Тетово. Сите активности беа организирани во знак на борбата на др.Перо, лекар кој почина прерано заради немање доволно средства за содветен третман. Младинците преку идеи за организирање на турнир во одбојка во чест на др.Перо, собирни акции , трка и забава со омилените песни на др Перо, собрале 12 300 денари кои се уплатени на лицето, целна група во проектот од Тетово кое боледува од рак на лимфни жлезди. Со тоа исто така сметале дека ја подигнале свеста кај граѓаните за помош на лицата на која им е потребна.

Изработиле: Александар Тофиловски , Чедомир Костовски
Дисеминатор: Маја Перовска

## ООЦК Тетово

### Не можат сите да спортуваат

Целта на овој проект е допремување на на канцаларија на Здружението за болни од церебрална парализа. Младинците организирале турнир во мал фудбал во салата на едно училиште каде се пријавиле повеќе екипи и учествувале, од кој биле собрани 11 000 ден. со кои била реновирана и оспособена за работа канцаларијата на Здружението.

Изработиле: Христијан Нолевски, Александар Тофиловски, Александар Ѓорѓески
Дисеминатор: Маја Перовска

# ООЦК Тетово

## Да им помогнеме на Ристески

Целта на овој проект е да се помогне со купување на градежен материјал на семејството Ристески кои го загубиле домот во поплавите. Младинците организирале забава од која собрале 10 000 денари кои биле наменети за градежниот материјал кој им бил даден на попуст од страна на градежните фирми. Реновирањето започнало со поддршка на младинците а понатака и други се вклучија во ова хумана иницијатива.

Изработиле: Игор Савески, Николче Китановски, Христијан Симјановски, Александар Тофиловски
Дисеминатор: Маја Перовска

# ООЦК Тетово

## Што понатаму?

Целта на овој проект е снимање на филм за подигање на свеста на граѓаните за лицата болни од церебрална парализа. Младинците снимиле филм за лицето Н.Ј од Тетово кој боледува од церебрална парализа, со кој покажуваат со какви тешкотии се соочуваат овие лица, и филмот е дистрибуиран и пуштан во училиштата во Тетово. Има многу позитивни реакции од страна на гледачите за еден ваков вид на едукација.

Изработиле: Јован Стојановски, Васко Пулковски, Драган Апостолоски, Александар Тофиловски
Дисеминатор: Маја Перовска

# ООЦК Штип

## Помогни и стопли нечие срце

Целта која младите ја поставиле со овој проект е да помогнат на учениците од локалното училиште во кое учат деца со развојни и воспитно социјални проблеми. Со проектот младите реализирале повеќе средби со учениците на училиштето и донирале прехрамбени продукти.

Изработиле: Сара Лазарова, Мијалков Богољуб, Ана Јованова, Стефан Данушев, Симона Јанева, Костадин Хубрев, Сандра Маренчева, Изабела Јованова, Лина Накова,

Стефанија Коцев, Тамара Зафирова, Кристина Козарова, Ева Митева, Даниела Станкова, Григор Хаџи-Кимов, Ангелова Ангела, Изабела Јовева, Лина Апосто лова, Димитар Јаневски, Ева Митовска, Кирил Делипетров, Сара Ристова, Филип Трајковиќ, Јелена Копитовиќ.

Дисеминатор: Кирил Поповски

# Клуб на млади

## Влеваме надеж за подобро утре

Целта на овој проект беше подобрување на условите за живеење на едно социјално – загрозено семејство од с. Огњанци, поддршка во обезбедувањето на социјална помош и дружење со членовите од семејството. Младинците преку организирање хуманитарен турнир, хуманитарна претстава, настани „Купи кафе и донирај“, собирни акции и донации, успеале да пронајдат мајстор, градежна фирма и водоводна фирма со помош на кои ја реконструирале куќата на семејството (поставена кошулица, ламинат, саниран кров и поставен водовод). Исто така младинците помогнале во забрзување на постапката за добивање решение за остварување на правото за детски додаток, како и забрзување на постапката за здравствено осигурување на едниот член на семејството.

Младинци: Сања Матовска, Ивона Георгиева, Албиона Муртези, Кристина Јовановска
Дисеминат ор: Јана Темелкова

# Клуб на млади

## Добредојде во новиот дом

Целта на овој проект беше помош на едно хендикепирано лице да се пресели во нов дом, како и да се обезбеди дел опрема за новиот дом (основни намирници, кујнски прибор, бела техника и сл.). Младинците преку барања, обезбедиле донација од Walk Max патики, Delimano тенџериња и тави, душек, јорган и перница за доопремување на новиот дом на лице со хендикеп. Исто така обезбедиле донација пакет хигиена и храна од Ramstore mall. Заедно со претставник од Црвен Крст целата донација ја доставиле во новиот дом и му посакале топло добредојде на лицето во истиот.

Младинци: Мирослав Гаиќ, Теодор Крстевски
Дисеминатор: Јана Темелкова

## Клуб на млади

### Биди хуман, посвети внимание, сподели среќа за ДОСТОИНСТВЕНА СТАРОСТ

Целта на овој проект беше да се подобрат условите за живот на двочлено социјално загрозено семејство со повозрасни лица кои се соочуваат и со здравствени проблеми, преку опремување на кујната со кујнски средства, обезбедување теписи и основни прехрамбени и хигиенски средства. Младинците преку акции „5 денари +“, спортски турнир во мал фудбал и одбојка, како и собирна акција во Стара чаршија и во нивното училиште, успеале да соберат 8 864 денари. Со тие средства обезбедиле: радијатор, пегла, храна и лекови. Потоа преку донаторска акција во пластичарска улица обезбедиле кујнски прибор, 2 кебиња, 4 перници, 3 лустери, 2 теписи и средства за одржување на обезбедениот прибор.

Младинци: Анила Мурати, Сема Адиловци, Бурим Муслиу, Агнеса Тачи
Дисеминатор: Јана Темелкова

## Клуб на млади

За повеќе насмевки

Целта на овој проект беше да се помогне на невработена самохрана мајка во обезбедување терапија за нејзиниот со 10 годишен син кој боледува од асма, хронични опструкции и слаб имунитет, како и прославување на неговиот 10-ти роденден, обезбедување храна и средства за хигиена. Младинците преку креативни работилници за плетење алки, преку продавање на истите, како и преку барање разни донации, успеале да обезбедат храна, хигиенски средства и лекови за семејството за четири наредни месеци. Исто така обезбедиле роденденска торта и потребни намирници за 10 годишниот син да го прослави роденденот во неговиот дом со свои другарчиња.

Младинци: Катерина Насковска, Сара Станојковска, Теодора Николовска
Дисеминатор: Јана Темелкова

## Клуб на млади

Помагаме, даруваме, несебично хуманост споделуваме

Целта на овој проект беше да се помогне на социјално загрозена самохрана мајка со две деца, преку обезбедување финансиски средства за плаќање на дел од киријата за станот во кој живат, како и

преку обезбедување храна и хигиенски производи. Младинците преку изработка и продавање накит, организирање собирни акции, како и преку организирање хуманитарен концерт, успеале да обезбедат големо количество храна и хигенски производи, како и да обезбедат финасиски средства за плаќање на дел од киријата за станот.

Младинци: Клара Лозановска, Мартина Самаракова, Јулијана Ортаковска , Ана Давидовиќ
Дисеминатор: Јана Темелкова

## Клуб на млади

Помагаме безрезервно за посреќни денови на 117 скршени насмевки

Целта на овој проект беше да се подобрат условите за живот на штитениците кои го посетуваат Дневниот центар за деца од улица – Шуто Оризари. Младинците преку реализирање хуманитарна претстава „Под сенката на јаболкницата“ и хуманитарна забава во клуб Чикаго, успеале да соберат 22 121 денари, со што набавиле принтер, кујна, пакети со храна и хигиена, фотоапарат, микробранова, како и училишен прибор. Исто така младинците обезбедиле донација од ДОО АВТ, аптеката Виола и ТЦ Рамстор во вид на хигиенски производи и храна.

Младинци: Ѓорѓијевска Христина, Шкоф Нина, Илиевски Андреј, Велјковиќ Теа
Дисеминатор: Јана Темелкова

## ООЦК Центар

### Сподели добрина-донирај!

Целта на овој проект беше да се подобрат условите за живот на едно двочлено социјално-загрозено семејство и трајно да се подобри неговата финансиска состојба, преку купување на машина за перење, отпочнување постапка за обезбедување паричен надоместок за туѓа нега и пелени, обезбедување дрва за огрев, како и пакети со храна, хигиенски средства и облека. Преку организирање креативни работилници и собирни акции во Веро Центар и пред ЗОО Скопје, поставување собирен штанд во соработка со Хонда Клуб Македонија и Хонда Македонија, организирање хуманитарна ораторска вечер „Ноќ на беседи“, младинците собрале и донирале пакети храна, облека и хигиенски работи, а исто така собрале и вкупно 20.577 денари, со кои купиле машина за перење облека, 2 $m^3$ дрва за огрев и платиле партиципација за добивање на сите потребни документи за отпочнување процедура за добивање паричен надоместок за туѓа нега.

Младинци: Вероника Маринковиќ, Христијан Богоески
Дисеминатор: Софија Стојановска

# ООЦК Центар

## Живот без дискриминација

Целта на овој проект беше да се овозможи поправка на забите и подобар естетски изглед на една социјално загрозена поранешна зависничка од наркотични средства која сега живее со својата мајка, а истовремено да се промени нејзиното стереотипно секојдневие и да се врати насмевката на нејзиното лице. Преку организирање креативни работилници за изработка на украси од хартија и салфетки,собирни акции во ТЦ Рамстор, како и преку организирање хуманитарен турнир во фудбал,младинците собрале 24.320 ден., од кои 17.900 ден. биле искористени за чистење и поправка на забите и за изработка на протетско помагало -две визил парцијални протези, а со останатите средства биле помогнати други проекти од општинската организација.

Младинци: Сара Лекоска, Ива Пецевска
Дисеминатор: Софија Стојановска

# ООЦК Центар

## "Среќно мало семејство"

Целта на овој проект беше да се подобрат и олеснат условите за живот на една самохрана хендикипирана мајка и нејзиниот тригодишен син, преку купување и донирање нов телевизор, како и прехранбени и хигиенски средства. Преку организирање собирна акција во училиште, креативна работилница во градинка и продажба на предметите во истата, како и преку собирна акција во кафе бар, младинците собрале 9 865 денари, со кои е купен нов телевизор и пакети со храна за семејството, а исто така е донирана и облека за синот.

Младинци: Јулија Илиевска, Давор Бинов, Вања Тошевска, Станислав Тошев
Дисеминатор: Софија Стојановска

## ООЦК Центар

Биди хуман! Биди нечиј херој!

Целта на овој проект беше да се подобрат условите за живот на социјално – загрозено семејство со три деца (од кои едното со хендикеп), преку обезбедување пакети со храна и хигиена, како и фрижидер неопходен за чување на терапијата на детето со хендикеп. Преку организирање креативна работилница со „Мобилност“, хуманитарна трка и собирен штанд, младинците собрале 7 713 денарисо кои еобезбеден фрижидер и пакети со храна за семејството.

Младинци: Елисавета Лукановска, Светлана Лукановска
Дисеминатор: Софија Стојановска

## ООЦК Центар

Со хуманост до насмевка

Целта на овој проект беше да се подобрат условите за живот на двочлено социјално – загрозено семејство (мајка и син со хендикеп), со донирање електричен шпорет, пакет храна и хигиенски средства. Преку организирање хуманитарен турнир во стрелаштво на Факултетот за безбедност и собирна акција во Веро центарот, младинците собрале вкупно 6.363 денари. Со помош на овие средства и средства од други проекти, обезбедени се електричен шпорет, пакет храна и пакет хигиенски средства за ова семејство.

Младинци: Милица Петровиќ, Кристина Крстевска
Дисеминатор: Софија Стојановска

## ООЦК Центар

За нашата фудбалерка Анче

Целта на овој проект беше да се платат болничките трошоци за ампутација на левото стапало на една невработена социјално загрозена девојка, а моментално живее во социјален стан со мајка и' и полубрат. Преку организирање собирна акција, слаткаријада и соленијада во училиште, младинците собрале вкупно 9 000 денари, пакети храна, хигиенски средства и облека. Со 6.000 денари биле платени болничките трошоци за ампутација на левото стапало на девојката, а со останатите пари киријата за социјалниот стан во кој живее.

Младинци: Зорица Тошеска, Виолета Николовска, Нина Димковска, Давид Манџуковски, Ивана Младеновска
Дисеминатор: Софија Стојановска

## ООЦК Центар

### Сигурен чекор до училиште

Целта на овој проект беше да се поправат скалите на влезот на едно училиште за да се има подобар пристап до него. Преку подготвување и реализирање детска претстава пред ученици, организирање слаткаријада и собирна акција, младинците собрале вкупно 8909 денари, со кои се купени потребните градежни материјали за санирање на пристапните скали пред влезот училиштето.

Младинци: Стефани Костова, Ива Ѓамовска, Анастасија Илиевска , Селин Есад , Благица Ѕунзуровска
Дисеминатор: Софија Стојановска

## ООЦК Центар

### Хуманитарна Метал Свирка

Целта на овој проект беше да се подмири заостанат долг за станарина на една невработена социјално загрозена девојка која моментално живеево социјален стан со мајка и' и полубрат. Преку реализирање хуманитарната свирка во клуб Маракана младинците собрале вкупно 19 241 денари. Со собраните средства подмирен е заостанат долг на социјално загрозената девојка за 19 месеци.

Младинци: Теодор Тодоровски, Андреа Младеновска, Филип Мечевски, Викторија Радомировска
Дисеминатор: Софија Стојановска

## ООЦК Центар

### Ботаничка градина

Целта на овој проект беше да се разубави училишен двор, преку изработка на цветна желка и уредување на цветна градина со садење дрва и цвеќиња. Младинците преку соработка и контакт со

ЈП „Паркови и зеленило“,ЈП „Градски Парк“, наставници и други стручни лица успеале да ја изработат скицата, арматурата и скулптурниот дел на желката, како и да засадат цвеќиња и дрвца во нивниот училишен двор. Исто така, преку реализација на 5 креативни работилници за изработка на накит, честитки и украси, како и преку 5 продажни акции собрале 2900 денари, со кои купиле потребни материјали за понатамошно одржување на желката (цветната градина).

Младинци: Идавер Амза, Адријан Ацковски, Алекс Јачовски, Елида Реџовиќ
Дисеминатор: Софија Стојановска

## ООЦК Центар

### Чекор кон хуманоста

Целта на овој проект беше да се соберат парични средства за детенце кое по претрпена тешка сообраќајна несреќа, сериозно ја повредува ногата и мора да се оперира во странство. За таа цел младите кои го изработуваа проектот организираа поетско читање и театарска претстава преку што собраа 8000 денари. Собраните средства потоа беа префрлени на жиро сметката отворена за донации за лекување на детето.

Младинци: Ема Димзова, Нора Николоска, Констанца Аврамовска, Тамара Тодорова
Дисеминатор: Софија Стојановска

## ООЦК Центар

### Музичари

Целта на овој проект беше да се разубаваат просториите во Детската клиника во Скопје за да се олесни престојот на децата во истата, преку разубавување на ѕидовите со лепење стикери и поставување слики во собите каде престојуваат. Преку организација на собирна акција и реализација на музички концерт, младинците успеале да соберат 6 100 денари, со кои се набавени стикери за украсување на ѕидовите во болницата. Исто така добиле донација на слики кои ги поставиле во болницата и на тој начин успеале да разубават и развеселат делови од просториите.

Младинци: Каја Милошевска, Косара Трпкова
Дисеминатор: Софија Стојановска

# ООЦК Центар

## Помогни ни, помогни си!

Целта на овој проект беше да се подобрат условите за живот на самохрана млада мајка (27 години) со две деца (4 и 2,5 години) и со привремено живеалиште, преку обезбедување плински уред за готвење, столици за секојдневна употреба, донирање пакети храна и хигиенски средства, еднократно перење на нивните алишта, како и дружење и подучување на децата за препознавање на бои, букви, бројки и сл. Преку реализирање креативна работилница и собирни акции во ТЦ Рамстор, подготвување и реализирање на хуманитарна претстава, младинците собрале 10 939 денари, со кои набавиле плински уред и столици, како и храна за семејството на неколку наредни месеци. Во текот на реализација на проектот младинците се дружеле со семејството, ги подучувале децата на основни работи и го одвеле на разглед во ЗОО Скопје.

Младинци: Ангела Димеска, Кристина Ѓорѓевиќ, Ангела Лековска, Владо Стојановски
Дисеминатор: Софија Стојановска

# ООЦК Центар

## Помагаме од срце за нашата другарка

Целта на овој проект беше да се обезбедат облека и обувки за полуматурската вечер за една полуматурантка (соученик на младинците) која нема родители и живее со нејзината баба. Преку организираната хуманитарна забава и продажба на донирани сокови, младинците собрале 6 418 денари, со кои се обезбедени патики, најдено е студио кое ќе ги изработи фризурата и шминката на девојчето, покриени се трошоците за училишниот алманах и обезбеден е џепарлак за полуматурската вечер. Исто така во договор со ООЦК Центар, девојчето и нејзината баба наредните 3 месеци ќе добиваат пакет со производи.

Дисеминатор: Софија Стојановска
Младинци: Георги Докузов, Селма Реџеповиќ, Танер Фејзули

# ООЦК ГАЗИ БАБА

## Сите се смееме на ист јазик

Целта на овој проект е да се обезбедат подобри услови за креативно изразување на децата од спе-

цијалното училиште "Партенија Зографски" – Скопје. Младинците од Гази Баба одлучуваат да организираат едукативна работилница за повеќе од 50 ученици од две основни училишта и 16 волонтери, каде што учесниците ќе се стекнат со основни познавања на знаковниот јазик. Сите учесници како котизација донираат прибор за цртање, блокови, четки, фломастери, темперни бои и слично. Преку оваа активност и преку донации од локални книжари, младинците собираат 24 блокови за цртање, 43 тетратки, колаж хартија, листови во боја, тефтери, боенки, сет фломастери, сет водени бои, сет темперни, сет дрвени бои, сет мрсни бои, сет креди, четки за боење и платна за сликање

Изработиле: Стефани Тоневска, Антонио Наумовски и Стефани Јовановска
Дисеминатор: Филип Ивковски

## ООЦК ГАЗИ БАБА

### Со хумани срца, поубав и посреќен е светот

Целта на овој проект е да се соберат средства и да се помогне на социјално загрозено лице Тодорка од село Црешево со купување на мини шпорет. Младинците организираат неколку работилници за фарбање и украсување на јајца, изработка на корпи, изработка на честитки и сето тоа е реализирано со корисниците на Дневниот центар за стари лица. Потоа организираат великденски хепенинг на кој изработките ги продаваат. Со собраните средства од хепенингот и од дополнителни собирни акции од локалните маркети купуваат мини шпорет за Тодорка.

Изработиле: Марија Стоилевска и Клементина Аврамовиќ
Дисеминатор: Филип Ивковски

## ООЦК ГАЗИ БАБА

### Помагаме, се едуцираме и другаруваме

Целта на вој проект е зголемување на степенот на писменоста на деца од социјално загрозени семејства од 6 до 13 години, корисници на Советодавниот центар за родители и деца, Гази Баба. Младинците организираат вкупно 26 едукативни работилници по македонски јазик и литература и математика, како и 3 креативни работилници на теми врсничко насилство, трговија со луѓе и прва помош. На децата од центарот им е зголемена редовност во училиштата а подобрен им е и говорот како и комуникацијата.

Изработиле: Ана Кирова, Јована Стоилевска, Виктор Стојовски и Андриана Симоновска
Дисеминатор: Филип Ивковски

# ООЦК ГАЗИ БАБА

## Запознај го соседот

Целта на овој проект е промена на условите за живеење на социјално загрозено неподвижно лице Александар и Горина која живее со него. По пат на донации, младинците успеваат да направат дезинфекција и дезинсекција на станбен простор од 32м2 кој е преполн со лебарки и други инсекти и се директна закана по здравјето на Александар и Горина. Освен тоа обезбедуваат варосување на станот, покуќнина, тепих, два половни кревети и една инвалидска количка.

Изработиле: Марија Петрушевска, Марија Стоилевска, Стефани Тоневска, Вања Милчевска, Ангела Јовановска, Андреј Аневски и Филип Ивковски
Дисеминатор: Филип Ивковски

# ООЦК ГАЗИ БАБА

## Со мотивација до хумана акција

Целта на овој проект е подобрување на условите за живеење на социјално загрозено семејство од Скопје. Во домот на семејството Стојановски, младинците утврдуваат дека недостасуваат апарати од бела техника. По 5 дневна собирна акција пред маркет, младинците собираат 4516 денари со кои обезбедуваат мини шпорет и три пакета прехрамбени и хигиенски производи за семејството Стојановски.

Изработиле: Марија Трифуновиќ, Тамара Јанева, Јосиф Велковски, Марко Стојков и Амајлија Стојановска
Дисеминатор: Филип Ивковски

# ООЦК ГАЗИ БАБА

## Биди дел од играта – направи добро дело

Целта на овој проект е да се помогне на социјално загрозено семејство од село Инџиково со купување на машина за перење алишта. Младинците од Гази Баба прават неколку собирни акции во основните училишта Дане Крапчев, Крсте Мисирков и Кирил и Методиј, како и турнир во мал фудбал каде што учесниците плаќаат котизација од 100 ден. Вкупно се собрани 15 103 ден. со кои се набавени машината за алишта и три пакети со хигиенски и прехрамбени продукти.

Изработиле: Михаела Манасиевска, Кристијан Трпковски и Сања Костиќ
Дисеминатор: Филип Ивковски

## ООЦК Карпош

### Заедно за подобро утре на Марга

Целта на овој проект е да се обезбедат средства кои би помогнале во лекувањето на 27 годишна девојка која боледува од церебрална парализа. Учесниците во овој проект, преку организирање на забава под маски, успеаа да обезбедат парични средства во износ од 11.095 денари, кои се донирани на корисникот.

Изработиле: Јована Мурџева, Бранко Атанасов, Исидора Несторовска, Даниела Милошевска, Наташа Антовска, Моника Смилевска
Дисеминатор: Ален Осман

## ООЦК Карпош

### Со подобро здравје и насмевки за најмалите

Целта на овој проект била да се обезбеди апарат - оксиноген за детската клиника. Во реализација на овој проект, младите организирале повеќе активности – изработка на маски и хуманитарен базар, претстава во училиштето за здрава храна, како и хуманитарна закуска подготвена од учениците во училиштето. Собрани се средства во износ од 30.444 денари, од кои е набавен оксиноген кој потоа е дониран во детската клиника.

Изработиле: Риа Давковска, Мила Митровска, Михаил Настоски, Марија Танчева, Ангела Андоновска, Тамара Димиќ
Дисеминатор: Ален Осман

## ООЦК Карпош

### Заедно за подобро утре на Марко

Целта на младите била со овој проект да обезбедат финансиски средства со кои би придонеле во обезбедување на доволно средства за операција на еден корисник. За реализација на својата цел, младите организирале и реализирале повеќе активности, и тоа – хуманитарна забава со дицеи, хуманитарна свирка, 2 хуманитарни турнири во фудбал, собирна акција и театарска претстава. Исто

така, успеале да обезбедат и донација од 13.000 денари од едно училиште за странски јазици. По сите реализирани активности, младите успеале да соберат вкупен износ од 65.529 денари, кои потоа се донирани на таткото на корисникот.

Изработиле: Александра Михајловска, Маја Мартиновска, Надица Перчинкова, Марија Јовческа
Дисеминатор: Ален Осман

## ООЦК Кисела Вода

### Насмевка една- многу вредна

Целта на проектот е да се поддржат децата корисници од дневниот центар Порака со материјали кои секојдневно ги користат како што се пластелини, колаж, хартија во боја, фломастери, ножички и лепак. Организирани се две активности за собирање средства, давање масажа и хуманитарна претстава со КУД“Танец“. Младинците направиле и неколку кретивни работилници со децата од центарот.

Изработиле : Марија Мрмова, Анастасија Јакиовска, Елеонора Мишевска, Анастасија Петровска, Теодора Џуковска
Дисеминатор : Стефан Мишовски

## ООЦК Кисела Вода

### Зборувај со сетилата

Целта на овој проект е намалување на маргинализираноста на слепите лица и лицата со оштетен вид преку обезбедување едукативни помагала (аудио книги кои самите волонтери ги снимиле), со цел олеснување на процесот на едукација.

Изработиле : Викторија Павлевска, Елена Тодоровска и Михајло Костадиновски
Дисеминатор : Стефан Мишовски

## ООЦК Кисела Вода

### Една насмевка,среќа за сите

Целта на овој проектот е пружење помош на четиричлено социјално загрозено семејство од Кисела

вода, донирање на пакети храна и хигиенски продукти кои се собрани во училиште преку собирна акција во која се вклучија голем број на млади.

Изработиле: Тамара Георгиева,Сандра Стојановска
Дисеминатор: Стефан Мишовски

## ООЦК Кисела Вода

### Среќен сум јас,нека бидат и тие

Целта на проектот е овозможување на две ученички од ромска националност да одат на тродневна екскурзија заедно со другите учени. Средствата се србрани преку собирна акција,екскурзијата успешно е реализирана,учениците се зближиле повеќе едни со други и посетиле убави места.Ова екскурзија ќе остане засекогаш запаметена за двете девојчиња.

Изработиле: Лаура Селман,Стефан Трајковски,Теодора Трпковска,Павел Ангелески
Дисеминатор: Стефан Мишовски

## ООЦК Кисела Вода

### Со песна до топол дом

Целта на овој проект е олеснување на животот на тричлено социјално семејство две сестри и еден брат, сите малолетници од ромска националност преку донирање на фрижидер, маса, кречење на зидови како и купување облека за девојчето полуматурантка за полуматурска вечер. Средствата се собрани од организирање на култоролошки настан со оро, музика и хумористични скечеви на кој се собрани 8 633 ден.

Изработиле: Ангела Тарчуговска, Ели Таневска, Алек Ѓорѓиески,Тамара Ѓуровска
Дисеминатор: Стефан Мишовски

## ООЦК Чаир

### Од дете за дете

Целта на овој проект беше доопремувањето на една градинката со два нови ЦД-плеери и парични средства наменети за лекување најмлада познаничка од населбата, кај која е дијагностицирано

тешко заболување апластична анемија (anemia aplastica). За реализација на проектот младите организираа натпревар помеѓу две училишта под мотото „Навивај за гол со насмевка “ и од оваа активност вкупно беа собрани 4 950 денари. Исто така организиран е хуманитарен концерт под мотото „Со песна за насмевка“ на кој изведувачи беа ѕвездите на македонската музичка сцена Андријана Јаневска и Наташа Мијатовиќ-MIYATTA. На концертот присуствуваа вкупно 352 ученици од прво до деветто одделение заедно со одговорните наставници каде продадени 352 карти од кои се собраа 17 600 денари. Вкупно беа собрани 22.550 денари и беа купени два ЦД-плеери во вредност од 6800 денари, а останатите пари, 15.750 денари, беа предадени на семејството за лекување на младата девојка.

Изработиле: Лина Трајковска, Христина Ралис, Бојана Бојчовска, Викторија Јовановска
Дисеминатор: Александра Лошковска

## ООЦК Чаир

### Убави спомени со децата од интернатот

Целта на овој проект е да се помогне на еден интернат во с. Љубанци преку купување на потребни предмети за децата како систем, миксер за во кујната, сушалки за алишта и спортски топки, поточно за 7 деца- штитеници на центарот на возраст од 7 до 13 години. Целта е реализирана преку организирање на повеќе парични собрини акции и тоа: по повод големиот христијански празник Велигден спроведен во училиштето, собрани парични средства – 1950 денари; потоа акција на пазарчето реализирана во два дена каде се собрани 1500 денари; акција од куќа на куќа и во Основните училишта „Климент Охридски“ и „Панајот Гиновски“ – собрани вкупно 2550 ден. Со тоа се собраа доволно парични средства и беа купени половен систем, две сушалки за алишта и четири топки за фудбал кои беа предадени во центарот. Младинците имаа незаборавно искуство и ветија дека и понатаму ќе продоложиме да се грижат за нивните потреби.

Изработиле: Нена Петковска, Марија Колева, Мишо Ангеловски, Тамара Цепенковска
Дисеминатор: Александра Лошковска

## ООЦК Чаир

### Подари книга,подари мудрост

Цета на младинците во овој проект е отворање на забавно катче т.е мини библиотека во геронтолошкиот завод каде што пациентите ќе можат да се забавуваат, дружаат и читаат книги. Младите

реализираа две собирни акции каде на едната собрале 5000 денари, а втората наменска за стари книги успеале да соберат 60 книги. Потоа со паричните средства беше купена голема полица за книги и 12 навлаки за столчиња, цвеќиња и чарчафи за маси, и украси. Со тоа го поставиле качето за книги, а старите лице од геронтолошкиот завод беа многу среќни и благодарни од работа. Тие заедно со младите од Црвен крст поминале еден прекрасен ден.

Изработиле: Марија Нешковска, Мери Ацевска, Елена Маринковска
Дисеминатор: Александра Лошковска

# ООЦК Чаир

## Подари љубов,подари среќа

Целта на овој прект е да им се овозможи другарување, забава, интеграција и социјализација низ заедички креативни и музички работилници, продажни хепенинзи и донирање на алат за работа кој ќе биде во функција на кабинетот за работна окупација на децата и младинците од Заводот за рехабилитација. За таа цел младите кои го реализираа овој проект организираа низа настани и тоа: креативна работилница за ирработка на честитки за Осми март (во Заводот за рехабилитација) заедно со корисниците; осмомартовски хуманитарен базар; музичка работилница - ТАНЦИ И ОРА - ЧИВАВА, каде младите изучуваа и практикуваа разни танци; креативна работилница по повод Велигден каде учениците и корисниците заедно во мешани групи изработија креации од различен креативен материјала и истите беа продавани на Хуманитарениот Велигденски базар во училиштето. Средствата кои беа собрани од овој хуманитарен базар се употребија за купување на алатот за работа наменет за Кабинетот за работна окупација во Центарот.

Изработиле: Мелиха Садиковиќ, Марија Гајиќ, Јована Аргилоска, Елма Кораќ
Дисеминатор: Александра Лошковска

# ООЦК Чаир

## „Помош на две социјално загрозени семејства“

Цел на младинците на проектот е помош на две социјално загрозени семејства преку донација на храна и покуќнина која им е потребна. Младинците организирале креативна работилница, изработиле мартинки и ги продавале во училиштето преку што собрани се 4000 денари. Исто така организирале собирна акција и посета на институции во Визбегово каде собрале уште 11.500 денари. Потоа со собраните средства младинците организирале прикладна роденденска забава за детето

од едното социјално загрозено семејство, направиле пакети од овошје, зеленчук и потребни работи за бебето во едното семејство, донирале: два каучи, четири тепиха, четири столици и два душека, купени на старо, како и обезбедени се средства за хигиена.

Изработиле: Радмила Кириќ, Стефан Трпчев, Андријана Антова, Екатерина Вељановска, Амра Беќир, Берина Чуљевиќ, Алиса Шаботиќ
Дисеминатор: Александра Лошковска

## ООЦК Чаир

### Една точка надеж

Целта на овој проект е обезбедување храна за 6 деца и нивните сиромашни семејства од населбата Дуќанџик. Преку собирни акции во неколку училишта биле собрани вкупно 3610 денари со кои е набавена е храна која ги задоволува потребите на семејствата .

Изработиле: Зубејда Шабани, Хава Шабани, Едуше Алиевска, Арбреса Гавази, Велиме Бислими
Дисеминатор: Брикена Хоџа

## ООЦК Чаир

### Биди хуман, спаси живот

Целта на овој проект е подобрување на условите за живот на 14 годишен младинец од Чаир, кој е роден со пречки во развојот, не може да се движи и да зборува и и е напуштен од родителите. Младите оствариле донација преку реализирање на собирни акции, хуманитарни спортски настани и забава преку кои биле собрани вкупно 8 292 денари. Од собраните парични средства обезбеден е кревет кој ги задоволува потребите на лицето, јастуци, ќебиња, чаршафи и боја за кречење на просторијата.

Изработиле: Едита Бутуќи, Виола Муладаути, Емира Исени, Вилдане
Дисеминатор: Брикена Хоџа

## ООЦК Чаир

### Биди хуман, биди човек

Целта на овој проект е обезбедување апарати за домаќинство за четиричлено семејство, баба и 3 внуци на возраст од 7-12 кои се сирачиња. Младите организираа собирни акции во ОУ "Адем Јашари" и во Старата Скопска Чаршија и вкупно собраа 11.400 ден. Со средствата се набавени машина за перење алишта, правосмукалка и садови за потребите на семејството.

Изработиле: Мелек Луќи, Рина Рамадани, Берина Кури, Аршиана Луќи
Дисеминатор: Брикена Хоџа

## ООЦК Чаир

### Се трудиме и уживаме заедно

Целта на овој проект е подобрување животните услови на 30 сиромашни семејства од селото Љуботен. Во СУГС "Зеф Луш Марку" е организирана крводарителска акција и преку собирна акција биле собрани 12.500 денари со кои се набавени хигиенски средства. Исто така во основното училиште во селото биле организирани работилници кои ги едуцирале децата од 8 и 9 одделение на тема "Дрога, цигари, алкохол и педофилија" и се едуцирани 20 младинци за давање на првата помош.

Изработиле: Беса Туша, Емине Фетахи, Сибел Јахи, Рејхан Авдули
Дисеминатор: Брикена Хоџа

## ООЦК Чаир

### Од топлите срца, до топлиот дом

Целта на овој проект е помагање на седумчлено семејство од населбата Гази баба чија куќа била изгорена и претрпеле голема материјална штета. Преку собирни акции во неколку основни и средни училишта,Старата Скопска Чаршија и Пластичарска улица биле собрани вкупно 24.340 денари и со тие средства младите набавиле фрижидер, машина за перење алишта, маси, столчиња и облека.Исто така на целната група им биле дадени 2000 денари за да купат шпорет.

Изработиле: Рабијат Абази, Хавза Весели, Занфина Ајдини, Бушра Ајрулаху, Ајла Бела, Сајра Морина, Абдурахим Идризи
Дисеминатор: Брикена Хоџа

# Шуто Оризари

## Емпатија... вреди!

Целта на овој проект е изработка на тро-неделни интензивни работилници по Македонски јазик (читање, пишување и техники за учење) и креативни работилници (тестирање на нивниот потенцијал и враќање на мотивацијата за редовно одење на училиште) за децата (90/110 лица) корисници на услугите на Дневниот центар за деца на улица да се стекнат со образовни вештини и свесност за сопствениот потенцијал. Младите кои го изработија овој проект реализираа тронеделна интензивна програма (27.04-15.05) за корисници на центарот и тоа: по Македонски јазик (читање, пишување, техники на учење), креативни работилници (математички форми и линии, боење на овошје и зеленчук, раскажување приказна „Мачорот во чизми", препознавање животни) како и 3 собирни акции на пазарот во Шуто Оризари, училиштето „Браќа Рамиз и Хамид" и Скопската стара чаршија. Собрани 13.000 денари младинците ги искористија за потребите на просториите на Дневниот центар за деца на улица во Шуто Оризари и санирање на влагата во просториите.

Изработиле: Рахман Сулејман, Мирвет Хасан, Сарита Иљаз, Севихан Зујбер, Ибрима Салиева, Анмша Хајдар, Сибелџан Салих, Сезаир Јашар, Азбије Јашар, Фетије Сефер, Сејнур Сефер, Усеин Мемет, Ајдар Елез, Султан Сулејман, Рамиз Сулејман, Мухамет Џан Зубер, Џемиља Шабан, Ванеса Илјаз, Алберт Илјаз, Сафета Асанова, Амди Селим, Сумеа Рахим

Дисеминатор: Кенан Таир

# Дневен центар за стари лица на ЦКГС

## Топлина за Јелица

Целта на овој проект е да се подобрат животните услови на социјално загрозено лице, жртва на семејно насилство Јелица. Старите лица од Дневниот центар за стари лица Чаир имаат неколку активности - работилница за изработка на мартинки и продажба на истите, барање донации во локалните маркети, посета на Јелица за великденските празници . Собрани се 2976 денари со кои се набавени плинска греалка, храна за 2 месеци, хигиенски производи за наредните 4 месеци и повратен билет за превоз до родниот град Струмица.

Изработиле: Спасена Илиќ, Виолета Таневска, Десанка Василева, Јелена Лазаревска, Наталија Василевска и Емилија Стојановска

Дисеминатор: Александра Боева

## Дневен центар за стари лица на ЦКГС

### Од старите за најмладите

Целта на овој проект е да се подобрат условите за работењето во Дневниот центар за деца на улица во Шуто Оризари и набавка на храна, облека и хигиенски средства за корисниците од центарот. Старите лица од Дневниот центар за стари лица Чаир преку неколку активности како - изработка и продажба на мартинки и повеќе собирни акции, собираат 8840 денари со кои се набавени 2 електрични бокали, 2 фена за коса, хигиенски средства за два месеца и храна за ужина за две недели. Воедно се обезбедени и 220 пара чорапи и 64 пара хулахопки.

Изработиле: Муса Идризи, Љиљана Хајдер, Лепа Ивановска, Македонка Карева и Дивна Лакинска
Дисеминатор: Александра Боева

### ДУРДМОВ – „Димитар Влахов“

### Ние исто така следиме филм, театар и музика

Целта на овој проект е подобрување на квалитетот на слободното време и културно-забавниот живот на учениците од училиштето „Димитар Влахов“ преку соработка со културните институции и вклучување/започнување на заеднички активности. За таа цел младите направија иницијатива за потпишување на договорите за едногодишна соработка со Македонска Опера и Балет, Македонска Филхармонија, Драмски Театар и Кино Милениум. Како резултат на овој проект во иднина се очекува збогатување на слободното време на учениците со активности кои ќе им овозможат поквалитетно поминато слободно време, дополнителна едукација и дружење со соучениците.

Изработиле: Игор Стојановски, Тамара Барсова, Филип Бендевски, Берат Јакупи, Едис Алиоски, Самир Халим
Дисеминатор: Александра Калемџиевска

## ДУРДМОВ – „Димитар Влахов“

### Едукација за првилно држење на телото и подобро здравје

Младите кои го реализираа овој проект имаа за цел подобрување на здравствената состојба на децата со оштетен вид, преку обезбедување на медицински помагала за правилно држење на телото.

Со поддршка од приватни медицински установи кои доброволно прифатија да бидат донатои во проектот и донации успеаа да обезбедат здравствен преглед на 50 ученици. Исто така овозможија обука и едукација на неколку ученици од насоката физиотерапевти и нивно оспособување да држат вежби на останатите ученици во координација со професорот по физичко во училиштето што ќе овозможи континуирни вежби на долг рок. Обезбедени се и прегледи од специјалист доктор по физикална медицина, а исто така и медицински помагала (донација од Медикус Хелп) за секое дете индивидуално зависно од потребите.

Изработиле: Елена Петкова-лидер, Роберто Цветковски-лидер, Предраг Клекачковски, Енсар Шабани, Харис , Тијана
Дисеминатор: Александра Калемџиевска

## НОВА

### МАЛИ ДЕЛА – ГОЛЕМА ЦЕЛ

Овој проект за своја цел го имаше унапредување на условите во Пунктот за бездомници во Момин Поток. Младинците реализирале хуманитарен музички концерт, на кој го презентирале филмот за проблемите на ранливите целни групи во општеството. Преку овие активности, тие успеале да обезбедат 18480 денари, со кои се купени машина за алишта и бокали за брзо готвење на супи за бедомниците. Со оваа младинците ја оствариле својата хумана цел.

Изработиле: Софија Панева , Марија Чекреџи.
Дисеминатор: Соња Стојковиќ

## НОВА

### НОВА за обновена зоолошка

Целта на младинците во овој проект била да придонесат за промоција на зоолошка градина во Скопје. Младинците направиле изложба на фотографии и интересни факти за сите животни кои се наоѓаат зоолошката, ставиле информативни знаци за животните на англиски јазик и ги исфарбале дрвените огради. На тој начин, младите успеале да придонесат за разубавување и суредување на зоолошката градина.

Изработила: Надица Атанасова
Дисеминатор: Соња Стојковиќ

ЦКА-ПХВ
2015